**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 20 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше, Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Аднан Ќахил, Ќенан Хасипи, Љубе Бошковски,Петар Наумовски, Никола Груевски, Гзим Острени, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Трендафилов и Али Ахмети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејќи ни стана пракса, во 11,00 часот, ме известија службите дека има само 23 подигнати картички, објавувам пауза до 11,30 часот.

Ги молам пратениците да влезат во саслата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

**Продолжуваме со 10-та точка - Предлог на закон за работни односи.**

Продолжуваме со претрес по амандманите.

Претресот по амандманот на членот 68 став 1 поднесен од пратеникот Аднан Јашари е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеника, 11 за амандманот, 20 воздржани, 37 против.

Во салата беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 77 точка 3 поднесен од пратеникот Наташа Биковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стефче Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа бидејќи ова прашање веќе е регулирано, со тоа што боледувањето работникот мора во рок од 48 часа да го најави во писмена форма, со тоа што овој амандман апсолутно станува излишен. Значи не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓа Биковска повелете.

**Наташа Биковска:** Само да појаснам во членот 77, точка 3 кој што регулира неосновани причини за отказ, мојот предлог беше да се дополни одобрено отсуство заради болест, или повреди, бременост, раѓање и родителство, нега на член од семејство, се дополнува: "кое треба да биде поткрепено со навремено доставен документ од надлежна институција".

Од пракса знам дека боледувањето како документ се издава одкога ќе помине, или месец за месец, но со оглед на образложениeто кое што го даде минисерот, поточно, за прв пат со овој закон се регулира дека работникот за своето отсуство, писмено го извести работодавачот во рок од 48 часа, сметам дека со овој мој предлог амандман се оптоварува текстот на законот и затоа го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 77 за додавање нова точка 6 по точката 5, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стефчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника 6 за амандманот тројца воздржани, 46 против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 85 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стефчо Јакимовски:** Ова прашање во целост е апсолвирано, затоа што е ставено дека задолжително треба да се има правна поука, а со амандманот се дава предлог да се стави право на жалба и приговор. Значи правната поука е поширок термин во кој што се назначува и правото на жалба и рокот во кој се поднесува и до кого се поднесува правото на жалба, што значи во самиот текст на членот од законот е во целост уредено ова прашање. Затоа амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Бислимовки.

**Ристе Бислимовски:** Бидејќи министерот објасни за поширокатa смисла и сфаќањето на овој амандман, јас го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 96 за додавање нов став 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓе Паљошкоски и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стефчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓа Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе,

Амандманот што го поднесовме е на членот 96, кој што ги реглира правата и обврските на работодавачот во случај на отказ од деловни причини. Тоа во претходниот период го велевме прогласување на технолошки вишок и отказ заради технолошки вишоци.

Сметаме дека во законот никаде не е утврдено дека работодавачот селекцијата на поголем број вработени, кои се тие што ќе бидат прогласени за технолошки вишоци, овде со законот не е дадено да ја прави врз основа на некои критериуми, туку по слободна оценка на работодавачот.

Сметаме дека треба да биде прецизирано, дека работодавачот може да го откаже договорот за вработување од деловни причини, технолошки, економски, организациони и слични промени, поради кои престанува потребата од вршење на определена работа меѓутоа, врз основа на критериуми кои што се утврдуваат со колективен договор. Ова е наша обврска и според препораката 166 на Меѓународната организација на трудот, каде што се вели дека е потребно да се применат критериуми кои се предвидени во член 23 точка 1 од истата препорака и тоа е потребно да биде внесено и во нашето законодавство. На тој начин ќе се штитат работниците од одредени злоупотреби на работодавците и ќе може врз основа на јасно утврдени критериуми, да се утврди кој е тој технолошки вишок.

Заради ваквата потреба од усогласување со препораките на Меѓународната организација на трудот кој што постојано велиме дека треба да ги почитуваме и заради потребата од јасно утврдени критериуми за утврдување кој е тој што ќе биде прогласен за технолошки вишок и заштита на вработените, го повикувам парламентарното мнозинство да го поддржи овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника 9 за амандманот нема воздржан, 51 против.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 97 с тав 1 за менување на точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6,поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓе Паљошкоски и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стефчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе,

Членот 97 зборува за исплаќањето на испратнина во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини и тогаш работодавачот е должен на работникот да му исплати испратнина, во законот е дадено во висина до 6 плати. Со амандманот кој што го предлагаме, предлагаме измена и зголемување на испратнините до 9 плати. Сметаме дека контрапродуктивно е намалувањето на ова право на работниците во услови кога имаме огромна невработеност, бидејќи со помалку испратнини им е обезбедено покус период на социјална сигурност и помали можности сами да си го обезбедат своето работно ангажирање.

Од тие причини, сметаме дека наместо до 6 плати треба да им се зголеми во висина од 9 плати да биде испратнината за работници кои имаат над 25 години работен стаж, посебно заради тоа што токму овие работници кога ќе бидат прогласени за технолошки вишок, најмалку можат да најдат повторно вработување и од тие причини го повикувам парламентарното мнозинство да го поддржи овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Господине Жерновски имате три минути реплика.

**Андреј Жерновски:** Бидејќи беше повикано парламентарното мнозинство, еве да одговори парламентарното мнозинство. Имено, фала богу што заврши Охридскиот рамковен договор, бидејќи брзавме да ги усвоиме законите и тоа не ни даде можност многу да реплицираме на многу работи на опозицијата. Меѓутоа тоа заврши и сега имаме година, година и нешто за да можеме да видиме што работела опозицијата и како тогаш ги гледала конкретните работи.

Имено, почитувана колешке Бонева, ако ја погледнете макроекономската политика на Република Македонија за 1999 година, која е објавена во службен весник на 31 март од Владата на ВМРО - ДПМНЕ, тогаш баравте од 12 на 6.

**Љупчо Јордановски:** Господине Жерновски, реплилцирајте ве молам за амандманот.

**Андреј Жерновски:** Реплилицирам затоа што беше повикано парламентарното мнозинство. Се знае тогаш за што се залагаше ВМРО-ДПМНЕ. Она што смета да се има различни аршини кога е на власт и кога е во опозиција. Токму затоа, нема да го прифатиме овој амандман.

Јас реплицирав.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Бонева една минута контра реплика.

**Силвана Бонева:** Значи за господинот Жерновски не се важни правата на работниците и опостојувањето на оние кои што ќе се најдат на улица како технолошки вишок, туку е важно што работело ВМРО во претходниот период. ВМРО - ДПМНЕ ги изгуби изборите почитуван колега, а ако вие продолжите така да работите и вашата коалиција ќе ги изгуби изборите.

**Љупчо Јордановски:** Јас ги молам пратениците да не ја користат оваа прилика од овој тип на расправа политичка дека имаме закон, имаме амандмани, да се изјаснуваме по нив.

Господине Караџоски вие барате збор по овој амандман.

Повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам господине претседателе.

Јас се јавувам во функција на поддршка на амандманот и ќе кажам дека текстот на овој закон, значи членот 97 што се нуди сега со предлогот на закон има некоја мала измена во смисла на претходниот, значи првата фаза. Нешто предлагачот значи прифатил од што беше забелешка во Собранието и од Синдикатот и итн. Главните контури на овој член останаа исти, а тоа максималната висина на испратнината да биде шест плати. Тоа што е направен некој распоред од точката 1до точката 5, која што сега ни се нуди во овој текст, не значи ништо. Тоа е колку да се замижат очите и на Синдикатот и на нас овде пратениците и на работниците. Но, момрам да констатирам една работа. Значи одкако е оваа Влада, после 2002 година, после фамозниот 15 септември во делот на работничките права, особено во испратнините, имаме една крајно рестриктивна политика. Значи во континуитет висината на испратнините се намалува. Тоа е факт сега да имаме максимум шест плати. Сега амандманот што го нуди е сепак, едно подобро решение, одколку ова што се предлага, иако на почетокот кога иавме прв пат кога воведовме испратнина по основ на престанок на работен однос, или технолошки вишок како беше наречен, таа беше 12 плати. Значи во континуитет година за година таа се намалува и сега изнесува шест плати.

Ова што го нуди амандманот е висина од девет плати, значи максимум бил зголемен за три палти и сепак е поповолно решение од она што овдека се предлага. Меѓутоа, јас морам да напоменам, ме чуди зошто овој амандман не интервенира и во ставот 3. Затоа што во ставот 3 е уште порестриктивниот дел, каде што ако добро се прочита, каде што се дефинира што е работен однос, каде се смета времето поминато во работен однос кај ист работодавач и работен однос кај претходен работодавач, но кој поради настанатата статусна промена правен следбеник е последниот работодавач, тука ќе се дојде до суштината на проблемот. Според овој став 3 ќе се види дека ваквите распределби на години, категории во ставот 1, многу малку ќе може да се искористи оној максимум од 6 плати. Затоа што над 25 години поминати во работен однос кај еден ист работодавач е многу ретко во Република Македонија и многу тешко може да се примени дури и максимумот од 6 плати. Тука е најголемиот дел на рестриктивната политика, но еве и да има таква можност, сепак сметам дека 6 плати е сосема малку. Заради тоа, овој амандман нуди некое преодно решение. Девет плати и сосема солидно и јас би апелирал до колегите пратеници овој амандман да го прифатат.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника 12 за амандманот 1 воздржан, 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 97 став 1 точки 3, 4, 5 и 6 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Стевчо Јакимовски, министер за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** Од истите причини овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Овој амандман е сличен на претходниот, со тоа што јас наместо 9, предвидував 10 плати. Претпоставувам дека министерот не се согласува со 9 плати, дека може да даде и 10, па можеби ќе го прифати овој амандман.

Што е суштината околу ова прашање со надоместоците како технолошки вишок. Оваа категоризација на овој начин мислам дека е во спротивност дефинитивно со целиот концепт на законот. Конкретно, ако го земеме членот 54 каде се регулира менаџерскиот договор, а менаџерскиот договор како што претходно дискутиравме кога стануваше збор и за експертскиот договор кој би требало да се направи, дека е договор врз база на работниот однос. И другите вработени кои што се таму би

требало да имаат некои бенифиции од тој работен однос. Конкретно, која е разликата? Доколку се прекине менаџерскиот договор, а прекинувањето на менаџерскиот договор најчесто е поради неадекватно работење на менаџерот, значи неадекватното работење, непродуктивноста со раскинување на менаџерскиот договор носи огромни бенифиции за менаџерот. Додека оние кои работеле за таа фирма и 25 години кои биле лојални практично на самата фирма со овој член на законот се наградуваат со минимум што може да се направи. Прашање е дали е тоа некое наградување. Јас сметам дека околу ова прашање би требало сепак да бидете поеластични и да има можност да се зголемат овие надоместоци врз база на предвидениот член од законот, односно членот 97 со сите ставови.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван министре, сега доаѓаме во една ситуација каде што работничките права со секој закон што го носиме ние само ги намалуваме и рестриктивно делуваме на сите нив. Но, социјалната политика и ова што ние го преземаме од некои европски регулативи и држави каде што се бројат отпремнини, плати, или незнам што друго се брои. 2002 година и се понатаму што вие како закони тука пред нас презентиравте, не вие, бидејки имаше друг минситер за труд и социјална политика, се кажуваше нешто друго, дека начинот на кој што ќе бидат дадени овие отпремнини и начинот на кој што овие работници ќе бидат едноставно отпуштени од работа, на друг начин со овие средства што државата ќе ги обезбеди и ќе им ги даде на работниците, ќе дојдеме во ситуација овие работници со тие средства да отворат мали бизниси, или како што тогаш ги крстивте фамилијарна работа која што на некој начин не само што понатаму Министерството за труд исоцијална политика нема да биде задолжено, туку едноставно Министерството за труд исоцијална политика ќе почне да добива средства од овие луѓе кои што сме ги испратиле од работа, со тоа што сме им овозможиле да отворат свој бизнис. Но, господине министре, ние ќе се сложиме само во едно, дека вие сеуште немате утврдено која е таа најмала плата која што треба да им се даде на овие работници. Ако мислите дека со три плати од по 5 илјади денари, со 15 илјади денари тој човек може да го помине месецот, а не да отвори бизнис во кој што понатаму ќе враќа пари во Министерството за труд и социјална политика и повеќе Министерството за труд и социјална политика нема да се занимава со таквите луѓе. Ние дојдовме во ситуација тие луѓе да ги направиме социјални случаи. Бидејки со овие средства дали се тоа и 10 плати, тоа се 40 илјади, 50 илјади денари, незнам кој денес во Република Македонија ќе може да си дозволи да отвори бизнис, бидејќи целта и тогаш и сега претпоставувам дека и наредната Влада ќе се бара начин како овие 400 илјади невработени да можеме да ги вработиме и да најдеме начин да не бидат на товар на државата, затоа што бројот на невработените станува поголем од бројот на вработените. Како оваа држава понатаму ќе се движи, кој е просперитетот, кои се економските решенија, мислам дека со ова апсолутно ништо не решавате. И како што предложи колегата Оровчанец, ќе го подржам овој амандман. Во секој случај тие 10 плати се минорни во однос на она што беше целта при испратнината. Затоа што сведоци сме во периодот 1998-2002 година отпремнините беа многу поголеми, интересот за оние кои што заминаа во пензија уште поголеми, но сега последиците од тој период кога и многу помлади луѓе влегоа во тој систем на пензиско осигурување, сега веќе претставуваат проблем и товар на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Мислам дека мора да се изнајде начин не само со читање на европските акти, туку со реалност, со она што функционира во државата да најдеме начин и вие и Владата и сите понатаму кои што ќе делуваат во оваа сфера како овие луѓе да не бидат на товар на Фондот, туку да бидат луѓе кои што со своите придонеси со она што треба да го сработат веќе враќаат во државата и во Буџетот на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Значи, во контекст на она што го зборував за претходниот амандман, сега сакам да се надоврзам на овој амандман. Сега илузорно е да се очекува дека овој амандман ќе биде прифатен кога претходниот амандман не беше прифатен. Разликата е во тоа што господинот Оровчанец со овој амандман нуди максимална отпремнина од 10 плати и малку поинаков распоред во останатите точки. Но, суштината на проблемот очигледно овде некој не сака да ја свати и не сака да ја разбере. Јас ќе се потрудам да објаснам што во суштина значат и овие амандмани и која е целта. Значи, и сега максимум со 10 плати и она претходно. Почитувани колеги, поимот испратнина дефиниран вака како што сега е дефиниран е категорија која се воведе како една, да не речам олеснителна околност, или една утешителна категорија во смисла на она што во моментот кога се воведе прв пат во Република Македонија технолошки вишок на оние работници кои што ќе останат без работа под таа категорија еднаш беше крстена, технолошки вишок, друг пат беше крстена поради економски, структурални промени, денеска е крстена, деловни причини и т.н. Значи, стално ги менуваме поимите, меѓутоа во суштина останува едно исто. Значи целта на измислувањето на оваа категорија престанок, или отказ, или како сакате крстете го, беше кога работникот поради такви причини останува без работа да има некоја сатисфакција за да може остатокот од својот работен век да го усмери, не

да чека во Бирото за вработување, туку со тие средства кои што ќе ги добие по основ на испратнина да може сам да отвори прво наречен семеен бизнис, а потоа приватен. Само да го потсетам министерот, но и пратениците, во времето кога излезе оваа категорија технолошки вишок првата испратнина беше 24 плати. И навистина дури и основот и висината на платата беше последната плата остварена во периодот од три месеци како просек. Ако се сумира 24 плати навистина имаше резон ова што сега го зборувам. И еден голем дел од таа категорија на работници кои останаа без работа од тие причини си го најдоа излезот. Меѓутоа, како одминуваат годините останува категоријата технолошки вишок, кажав во разни поими, значи економски, структурални промени, сега тоа се деловни причини, со тоа што цело време рестриктивно се намалува висината на испратнината и бројот на платите, но и висината во смисла на квалитативна висина, значи износот натурално колку би бил парично. Ако земеме во предвид и една друга работа, дека во сите овие години наназад откако сме самостојна држава, имајќи во предвид во каква економска состојба е Република Македонија најчеста категорија за престанок на работен однос е токму оваа сега крстена, од деловни причини, значи, најчеста причина е деловната причина. И сите ние добро знаеме колку претпријатија по таа основа испуштија еден огромен број вработени. Дури целта на поимот испратнина беше да не се злоупотребува оваа категорија на причина за отказ од страна на работодавачите заради тоа што кога некој има многу малку можност, или многу малку средства да исплати на некого, многу лесно ја користи таа категорија како можност за некого да отпушти од работа. Сега кога и последната одредба, јас морам да потсетам дека, значи досегашната одредба на постојниот Закон за работни односи, е малку поинаква од оваа, не малку, туку многу поинаква. Таму стои одредба дека, значи доколку денеска некој би заминал пред усвојувањето на овој закон за работни односи сегашниот по основ на технолошки вишок би зел за секои две години работен стаж по една плата, или максимум 8 плати, тоа е последното решение кое што во овој момент се усвојува за да сега максимумот е 6 плати, но имате огромна разлика во делот каде сега ги утврдувате она наместо една плата за секои две години, почнувате до пет години поминати една плата, од пет до десет, две плати и т.н. Значи, се порестриктивно и порестриктивно. И тука е суштината на предлагачите на амандманите. Овде не станува збор дека некој со ваквите амандмани го запира правото на работодавачите да можат да постапуваат, или да можат да се ослободуваат во својот процес на производство, да можат да бидат полиберални. Меѓутоа, станува збор за она што ние во пракса го имаме, да се спречи злоупотребата. И ако веќе некој сака да се ослободи од некого по таа категорија од работници, тогаш треба да му исплати барем некој соодветен износ со кој што на некој начин би била надоместена онаа штета која работникот ја трпи. Не е ни сегашното решение во Законот којзнае какво добро, но ова очигледно е многу лошо. И затоа амандманот на господинот Оровчанец кој предвидува максимално 10 плати, е подобро решение и од ова сегашното, значи, не од ова што се предлага, туку од постоечкиот Закон. И затоа јас би апелирал за да не се најдеме сите во таква ситуација, јас би укажал само на еден пример. Значи, работник со навршени 58 години живот да го испуштите од работа под оваа категорија, поради деловни причини, каде ќе оди тој, ниту може да најде работа, ниту некој ќе го вработи, ниту има шанса да биде вработен, а ќе му исплатите само претпоставка 4, 5, или максимум 6 плати. И што, да се слика со нив? Друга иднина нема, друга перспектива нема. И заради тоа, заради таквите, а најчесто се такви категории на граѓани, барем да има една сатисфакција, она што барем господинот Оровчанец со овој амандман го нуди.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 11 за, нема воздржан, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 97 став 2 поднесен од пратениците Драго Шајноски и Ристо Пејоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Стевчо Јакимовски министер за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** Сериозно го разгледувавме овој амандман. Но, ни претставува проблем кај работници на кои што поголем временски период не им се платени придонесите. И од тие причини остануваме на нашето решение, што значи, амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Амандманот го поднесов од причини што со овој член 97 покрај тоа што смален е бројот на отпремнините, со ставот 2 се прави неизвесно и колку пари, колку ќе биде вредноста на отпремнината. Имено, во ставот 2 пишува дека основица за пресметка на испратнината е просечната плата на работникот во последните 6 месеци пред отказот. Моменталната ситуација во државата е таква што голем број фирми исплаќаат плати помали од платите на кои што се обврзани да плаќаат придонеси спрема државата. Со овој став работодавецот има можност да планира и да манипулира на тој начин што пред да се одлучи

да даде некому отказ придонесите ќе ги плаќа на она што мора да го плаќа, бидејќи државата го обврзува на една минимална вредност на која што мора да ги плаќа придонесите, но тој ќе исплатува помала плата. И сега ќе испадне дека работникот нема да прими со над 25 години стаж, нема да прими отпремнина во висина од 6 плати, туку може да прими и две плати, затоа што исплатената плата во последните 6 месеци не е она по решение, или не е онаа минимална која што работодавецот ја плаќа спрема државата. Со други зборови овој амандман е поднесен во стилот: потона кајчето, ги бараме веслата. Бидејќи шестте плати што би ги примил еден работник со над 25 години стаж не значат ништо за неговата можност  во одреден период од пола година на пример да најде работа. Затоа образложението на министерот дека голем број фирми немаат платено придонеси не е доволно силно за да се отфрли мојот амандман.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван министер, во самиот одговор и вашата дилема стои врз основа на ова што господинот Шајноски го предложи како амандман. Значи се работи за испратнината за членот 97 став 2 каде што во Законот стои: основица за пресметка на испратнината е просечната плата на работникот во последните 6 месеци пред отказот. Амандманот на господинот Шајноски за додавање на сето ова што значи последните 6 месеци пред отказот, но истата да не биде помала од платата врз основа на која се исплаќаат придонесите за социјално и здравствено осигурување. Понатаму во Законот стои дека има казни. И секогаш Инспекторатот ќе треба да биде должен за оние што не ги исплаќаат социјалните и здравствените осигурувања во рок од 3 месеци, вие веќе санкционирате. Значи, вашиот сомнеж дека многу од работодавачите не ги исплаќаат платите и социјалното и здравственото осигурување, дека тоа ќе предизвика уште поголеми проблеми за оние што веќе ги добиваат испратнините и покрај тоа што се тие премногу мали. Сега правиме уште еден начин тие воопшто и да не ги добијат своите средства, и од оние 4 илјади денари да добијат уште помалку средства. Значи, вие сега имате можност доколку го прифатите овој амандман на ваков начин, барем она што значи социјално и здравствено осигурување да мора да биде исплатено и барем една основица, ако нема минимална плата, една основица за вработените кои понатаму ќе треба да го напуштат работното место, барем да имаат сигурност дека ќе ги земат и оние најминимални средства кои што се исплаќаат како придонеси за социјално и здравствено осигурување. Значи, топката е на ваша страна, вие треба да одлучите. И мислам дека со прифаќањето на овој амандман ќе ја донесете барем онаа стабилност што претходните два амандмани не поминаа. Мислам дека на тој начин, барем оние што се отпуштаат ќе знаат колкави се средствата кои што ќе ги добијат. На ваков начин можат да останат без тие средства, но да добијат од минималното поминимално. Мислам дека целта на законот и вашето трудење како минситер за труд исоцијална политика апсолутно не е во таа насока.  Гледаме барем оние што се оштетени да најдеме начин на некој начин да бидат заштитени и да знаат што понатаму ги очекува. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине министре, имате реплика на ова?

**Стевчо Јакимовски:** Верувајте, многу сериозно ова го земавме предвид, за да биде во интерес на оние работници што се прогласуваат за технолошки вишок. Дали едната варијанта која што ни ја предлага господинот Шајноски ќе биде. Во практика имаме претпријатија кои што подолг временски период не ги исплаќале придонесите, а исплаќале нето плата. Конкретен пример може да го земеме и вашето претпријатие ЕМО од Охрид. Еве, сами кажете колку време не се исплатени придонеси. Сметаме дека поповолна варијанта е последни исплатени плати. Од тие причини го предлагаме вака. Ако сметаме дека е поповолна варијанта да бидат на последна плата со која е платено придонеси, во тој случај ќе го прифатевме таквото решение. Ќе ви го кажам примерот со Алумина. Алумина 7 години не ги плати придонесите, а само 4 до 5 месеци се доцнеше со исплатата на нето плати пред одењето на фирмата во стечај. Значи, размислувавме сериозно и кај нас отвори дилема, но сепак сметаме дека ова решение е од поголем интерес на оние, поготово каде што тие фирми кои се со потешкотии во работењето. Значи, апсолутно коректно сме го опсервирале вашиот рпедлог.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Шајноски имате реплика од три минути.

**Драго Шајноски:** Јас не знаев дека  ЕМО не исплаќа придонеси, но ако министерот знае треба да преземе мерки. Да го менува законот, затоа што не се преземени мерки зошто во ЕМО не се исплаќаа придонесе е некоректно. Значи, постои закон према кој секој што исплаќа плата, прво, мора да ги исплати придонесите, па потоа да ја земе платата. И, сега министерот знае дека ЕМО зема плата, а не ги плаќа придонесите, грешката е кај министерот. Нека е и овој министер, но веројатно овде има органи кои што треба тоа да го извршат. Неможноста да се изврши оваа законска обврска на државата, не значи дека  мораме да го менуваме и Законов за работни односи на овој начин, за да се покриеме тоа што не си ја вршиме работата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам.

Апсолутно не ми е јасно зошто министерот не го прифаќа овој амандман. Она што го слушам како образложение кое го кажува министерот,

очигледно и тој не го разбира амандманот. Јас ќе се потрудам да објаснам и навистина не ја гледам причината ако веќе Владата имала сериозно размислување да го прифати овој амандман. Значи, не постои алтернатива помеѓу решението на Владата и ова што го нуди амандманот. Амандманот е само дополнение на она што го нуди Владата или начин на ограничување на можност просекот од 6 плати да не биде низок под одредено ниво. Ќе се потрудам да објаснам. Станува збор за основица за пресметување на испратнини. Еве да го прочитаме ставот 2, она што го нуди Владата и се вели: "основица за пресметка на испратнината е проссечна плата на работникот во последните шест месеци пред отказот". Никаде не вели исплатена. Значи, не вели примена или исплатена плата, туку основица е пресметана плата. Просечна плата во 6 месеци која е пресметана. Е, сега ако се прави таква пресметка, исто кога се прави пресметка за плата, се прави пресметка и за испратнини, односно се прави пресметка и за придонеси по основ социјално и здравствено осигурување. Според тоа, тука кога се исплаќаат придонеси по однос на пензиско и здравствено осигурување, постои одредена основица врз основа на која се исплаќа. Секое претпријатие или секоја фирма има своја основица врз основа на одредена гранка која ја зема како главна дејност и тн. Она што господинот Драго Шајноски го нуди, значи го зачувува и понатаму истото решение, кое сега Владата го нуди, со тоа што додава истата да не биде помала од платата врз основа на која се испраќаат придонесите по основ на социјално и здравствено осигурување. Значи, да ја зачува на најниска категорија која може да дојде. Во пракса што се случува? Она што министерот вели да се зачува, има многу претпријатија кои не ги исплатиле придонесите, а дале плати, токму тоа е поентата на ова, затоа што во пракса се случува да се исплатат плати на работниците и помали од основицата за пресметување на придонеси. И, тоа е најчеста пракса. Сега, кај работодавачите се прави злоупотреба, со тоа што исплаќаат плати, даваат на некој начин спротивно на закон, без да плаќаат придонеси по основ на пензиско и здравствено осигурување, каде да му го дадеме пак тоа право таквиот начин на исплата кој што не е законски, да биде основица за пресметување на испратнини во просек од 6 плати. Токму тука е целта на овој амандман. И, ако Владата навистина има сериозна намера да ги заштити на некој начин работниците, ќе бараме од оваа категорија на престанок на работен однос, не ја гледам причината зошто овој амандман не се прифаќа. Zna~i vo amandmanot ne stoi odredba da bidat isplateni pridonesite, tuku osnovicata za presmetuvawe na tie pridonesi. Ne znam zo{to se povrzuva, nekoi pretprijatija nemale isplateno i ne mo`at da presmetaat. Blagodaram.

**Љупчо Јордановски:** Сега добив информација дека министерот, сепак, ќе го прифати амандманот, но прво го одби. Сега барам консензус од сите пратеници овде дали може тоа да го направиме надвор од Деловникот. А, може и да го изгласаме. За да биде деловнички може да го изгласаме амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ако не го изгласаме, има време да поднесат амандман.

Господине министре, дали амандманот го прифаќате после ова образложение.

**Стевчо Јакимовски:** Да, го прифаќам. И го повикувам Собранието за гласање.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 99 точка 2, поднесен од пратеникот Наташа Биковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот предлага во случај на отказ за утврдување на резултатите од работењето односно за успешноста во работа, да цени комисија, надлежна комисија кај работодавачот. Сметаме дека ова е непотребно, затоа што работодавачот и никој друг оценува дали некој работник успешно или неуспешно ја извршувал работата. Сметаме дека амандманот не може да се прифати.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓа Биковска, повелете.

**Наташа Биковска:** Само да појаснам. Самиот наслов на членот доволно кажува дека отказ од страна на работодавачот може да даде работодавачот и никој друг. Сметам дека со мојот предлог воопшто не се нарушуваат ингеренциите и надлежностите на работодавачот, туку сметам дека може во исвесна доза да се намали и субјективното,не- соодветното или пристрасно однесување на работодавачот кога се врши проценка на успешно ули неуспешно завршената пробна работа. Затоа, останувам на мојот амандман да биде консултирана надлежна стручна комисија. Сосема ми е јасно и на сите им е совршено јасно дека оваа комисија ќе ја формира работодавачот, едноставно само е се консултира со оваа комисија.

Барам поддршка од колегите пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, господине министре, имате збор.

**Стевчо Јакимовски:** Нема логика, работодавачот ќе формира комисија на која што тој ќе и сугерира мислење. Каква смисла има комисијата? Дали ќе остане работникот или нема да остане, работодавачот формира комисија и тој ќе каже како да се одлучи. Тој одлучува и тој е неприкосновен.

**Љупчо Јордановски:** Јас не сакам да прејудицирам, но можеби господинот Мавровски ќе ја каже таа логика.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседтеле.

Во оваа ситуација и во првото читање на законот и нашите забелешки се однесуваа токму за оваа пробна работа. Значи, работодавачот ќе има можност кога сака и како сака после пробната работа да не биде задоволен од никој или таа пробна работа се продолжува во недоглед. Мислам дека предлогот на колешката Биковска е во ред. Дали таа ќе биде надлежна стручна комисија која што ќе ја формира работодавачот или ќе има некои критериуми според кои што треба да се види дали работникот задоволил на работното место, затоа што без критериуми едноставно нон стоп може да се повикуваат луѓе кои ќе бидат на пробна работа и кои со завршувањето на пробната работа, завршува и нивната работа. Тоа е она што и со овој закон и со овој член, членот 99 апсолутно не наоѓаме критериум како ние можеме да го заштитиме оној што бил на пробна работа, кој што покажал добри резултати, но работодавачот едноставно не е задоволен или не може да биде задоволен и тука завршува приказната. Значи, следи наредниот кој ќе биде на пробна работа. Критериумите мора да се најдат, за да некој може после тоа да се повика на она што го завршил како пробна работа дека е во ред. Ваков начин тука апсолутно немаме можност за таа работа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, продолжете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

За да го анализираме овој амандман поднесен од колешката Наташа Биковска, а кој се однесува на пробната работа, мораме да се вратиме назад на членот 60, каде што е регулирана пробната работа. Во тој член 60 се вели: "При склучување на договорот за вработување, работникот и работодавачот можат да склучат договор за пробна работа. Во договорот за враотување, покрај сите права и обврски од работен однос се утврдува висината на платата, времетраење, кое не може да биде подолго од 6 месеци. Во времетраењето на пробната работа, работникот може да го откаже договорот за вработување со отказен рок од три работни денови". Во ставот 4 се вели, кој е поврзан со овој амандман: "Врз основа на оценката за неуспешно завршената пробна работа, работодавачот може по изминувањето на пробната работа да го откаже договорот за вработување". Е, сега, мене не ми е јасно, тој работодавач ќе му биде тутор или ментор на тој што ќе биде на пробна работа, нон стоп ќе му стои над глава или некој друг ќе треба да му каже на работодавачот, некој друг надлежен кој ќе го контролира тој човек што е на пробна работа, за да може да даде квалификација дали тој после шест месеци пробна работа може да продолжи да работи или не може да продолжи. Сметам дека работодавецот не може да се занимава со луѓето кои се на пробна работа. Тој може да вработи шестмина на пробна работа за шест месеци. И тој по сите ќе оди и ќе ги гледа како работат? Не мора да е комисија, но мора да има некој друг орган кој ќе му каже на работодавачот, Марија ја бива за работа или не ја бива за работа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Министре.

**Стевчо Јакимовски:** Промашивте цели 39 членови. Ние зборуваме за член 99, а не за пробна работа. Значи, Наташа Бикова има амандман на член 99, кој не се однесува на пробната работа, туку тој е за престанок на работа.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи, нема пријавено повеќе за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 9 за, 3 воздржани и 39 против.

Молам службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во време на гласањето во салата беа присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов члњн 100-а по членот 100, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорге Паљошкоски и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Овој амандман е веќе прифатен како амандман на ЗПК, значи амандман 10 на ЗПК на член 67 и е веќе составен дел на текстот на законот, така што тој е веќе опсервиран и не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева.

Претпоставувам ако ова е вистина, ќе го повлечете амандманот.

Повелете.

**Силвана Бонева:** Бидејќи амандманот, веќе кажа господинот министер дека е амандман и на ЗПК и е прифатен, јас го повлекувам овој амандман и мислам дека на тој начин конечно работниците ќе бидат заштитени од злоупотребите кои што ги правеа работодавачите да не исплаќаат плата, а без никакви последици. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 102 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете, господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Којзеклиска, брзи сте, повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Овој амандман е дел од предлозите кои беа поднесени и за кои се расправаше на матична Комисија за труд и социјална политика и беа укажани од страна на Синдикатот. За да објаснам на што се однесува овој амандман, ќе го прочитам прво основниот текст на членот 102 став 2. Ова се однесува на фактот, ако судот донесе правосилна пресуда со која е утврдено дека на работникот незаконски, значи по вина на работодавачот или по вина на некој друг му престанал работниот однос, работникот има право да се врати на работа ако тоа го бара. Сега, во ставот 2 од предложениот текст на Предлогот на законот се вели: "Покрај враќањето на работа, работодавачот е должен на работникот да му исплати надомест на штета во висина од 70% од изгубената заработувачка согласно закон, колективен договор и договорот за вработување и да му уплати придонеси за задолжително социјално осигурување". Мојот амандман го нема тој процент од 70% и логично или простото објаснување е веака, доколку на министерот Стевчо Јакимовски некој му должи 100 евра, дали тој ќе биде задоволен ако тој истиот му врати 70 евра, а не 100 евра. Знчи, логиката на овој амандман е токму во тој дел. Ако веќе тој работник заминал од работа незаконски, виновен работодавачот или некое друго лице вработено или орган при работодавачот и судот утврди дека навистина незаконски е неговиот отказ, тогаш логично е ако се врати на работа да му бидат исплатени 100%. Долгот си е долг, не можемение сега да велиме 70%. Во крајна линија сметам дека, министре, ги штитите овде работодавачите при ваква формулација на законот. Тој е виновен, тој го отпуштил работникот и сега му велите на работодавачот ти нема да му дадеш 100% и покрај придонесите ќе му плати само 70%. Зошто дозволувате така?

**Љупчо Јорданвоски:** Господине министре зошто 70% пишува таму?

**Стевчо Јакимовски:** Од две причини. Првата, кога работник оди на принуден одмор се исплаќа 70% од платата. Значи, направена е паралела и во едниот и во другиот случај работникот не работи и во едниот и во другиот случај добива 70% од плата. Значи, тој не оди на работа, добива надоместок. Втората причина, работникот може да биде отпуштен и да биде вратен од суд во една варијанта кога работодавачот не бил во право, фактички не бил во право. И, втора варијанта, кога од формално правни причини работодавачот направил процедурална грешка и судот го враќа назад. Значи, вие прејудицирате дека апсолутно немал никакво право работодавачот да даде отказ на работникот. Во конкретните пресуди, значи ја има и втората варијанта, каде што од формално правен аспект се враќа работник на работа, што значи дека работодавачот немал право, тој направил законска грешка, но не значи дека немал право да му даде отказ. И од тие причини што работникот за тој временски период не одел на работа, исто го врзавме како да бил на принуден одмор и има иста плата 70% од надоместок на плата што би ја примал кога би бил на работа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска бидејќи беше помалку од три минути, една минута контра реплика.

**Марија Којзеклиска:** Министре јас го читам тоа што вие сте го напишале. Велите "незаконски". Мене апсолутно не ме интересира дали се формално правни пречки или пропусти при отказот од страна на работодавачот. Вие така сте го формулирале, меѓутоа никој не ви дава право на вас прешироко да ја толкувате формулацијата која сами сте ја дале.Вака како што е напишано "незаконски" со оглед на другите членови кои се во законот пишува во кои случаи работодавачот може да даде отказ, кога на работникот незаконски му престанал работниот однос. Тоа е сепак работа на судот, ниту е ваша ниту е моја работа. Затоа сметам дека треба да стои решението со 100%, а не со 79%. Да не ги штитите работодавците во тој дел. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Еве уште една неточност во законот. Уште во старт се прави дилемата се ова што се случувало досега во Република Македонија не ви дава за право вака да го формулирате овој член затоа што ќе имате големи проблеми. Зошто го говорам тоа?

И досегашниот закон на овој начин кога судот донесува правосилна одлука со која е утврдено дека на работникот незаконски му престанал работниот однос работникот има право да се врати на работа ако тоа го бара и ставот 2, покрај враќањето на работа работодавецот е должен на работникот да му исплати надомест на име штета во висина од 70% од изгубената заработувачка согласно закон, колективен договор и договорот за вработување и да му исплати придонеси, задолжително социјално осигурување.

Досегашната пракса покажува дека овие исклучувања од работа дали биле од пропусти, дали се од формално-правни причини за отпуштање од работа стигнале на многу

работодавачи досега, бидејќи знаеме како работат нашите судови, независното судство и начинот на кој што се донесуваат одлуките, некои од овие одлуки се влечат по пет, по седум години, така да работодавачите се донесени во ситуација не ова што го кажувате вие 70%, туку да платат и 100% и да ги платат сите каматни стапки кои што меѓувреме работникот бил оштетен. Сето тоа е во право, но јас ќе ве прашам нешто друго.

Дали на овој начин ако некој згрешил постои можност, дали има сила некој на работникот кој што незаконски е исклучен од работа да му ги врати сите тие проблеми кои што тој ќе ги доживее во тие две-три години, кога апсолутно нема да има ниеден денар од кој што ќе преживува. Сега се поставува прашањето дали со финансиски сдредства нешто може да му се врати на човекот, или се може да му се врати.

Мислам дека начинот на кој што треба да функционира и судството, да се носат многу брзо одлуки во однос на вакви ситуации, да се заштити работодавачот, ако има грешка таа грешка многу брзо да дојде и сите тие 100% да се платат на вработените. А 70% дека некој бил на работа, или формлно правно бил исклучен од работа, јас ќе ви кажам дека во моментот има луѓе кои што поради формално правни причини се избркани од одредени работодавци и 7 месеци не примиле ниеден денар, ниту им е платена социјална заШтита, ниту пак добиваат плата, ниту пак се обврзани да ги платат тие 70%. Значи, тука имаме голем проблем.

Мислам дека треба да размислите, затоа што решението е сега и тука во законот. Амандмански е интервенирано во ред и мислам дека ова е начинот, бидејќи се работи за одлука на суд и правосилна одлука која што нема сила ни вие во вашиот закон да ја вратите назад. Дали јас сум исклучен од работа и после тоа да бидам награден со 70% дека не сум работел не по моја вина апсолутно не е коректно затоа што работодавачот може да најде начин токму така да избрка 100 луѓе и понатаму да им плати по 70%. Мислам дека го давате тоа право што апсолутно не треба да стои во законот и дека овој амандман е сосема коректен и очекувам дека исто како претходниот пат ќе го прифатите, затоа што сите примери покажуваат дека не само што ќе се плати 100%, туку на тоа ќе се бараат и камати што ќе значи дополнително оптоварување. Значи брзината на судовите, се надевам во независно судство многу скоро да го изгласаме заедно и ова што вие го давате едноставно да избришете членот 102 или да го прифатите амандманот и со тоа да оставите на судовите да ги решаваат овие проблеми. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Почитуван министре дури сега со една ваква одредба ќе се запрашаме сите колку Република Македонија е правна држва. Ако не е јасно да повторам.

Значи, дури сега со една ваква одредба која се нуди во став 2 ќе се запрашаме колку Република Македонија е правна држава. Зошто ова го велам ќе се потрудам да го образложам.

Некој тоа прашање многу одамна го постави, но очигледно не научи, да се поистовети категоријата принуден одмор, каде што во случаи кога работникот на принуден одмор му се исплаќа 70% од тоа што седел дома и категоријата отказ апсолутно е апсурд. Да се поистовети принуден одмор кој се дава со решение на работодавач и одлука на суд која задолжува работникот да го вратите на работа заради тоа што сте го избркале спротивно на одредбите на законот. . .

**Љупчо Јордановски:** Вие реплицирате господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Јас не реплицирам, јас дискутирам претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Вие реплицирате во однос на тоа што го кажа министерот за поистеветување на принуден одмор и отказ.

Зборувајте за аманманот.

**Жарко Караџоски:** Јас дискутирам по амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Досега не дискутирав.

**Жарко Караџоски:** Значи имате чудна пракса да ме прекинувате и да ме деконцентрирате.

**Љупчо Јордановски:** Не е тоа пракса. Вие почнавте. . .

**Жарко Караџоски:** Јас почнав дека претставникот на Владта има право да кажува и да образложува за се. Нормално дека треба да ги сослушуваме неговите аргументи па да дискутираме по тоа. Само за став 2 ли да дискутираме.

**Љупчо Јордановски:** Јас немам ништо против тоа што вие одговарате. Јас само зборувам дека ви е тоа фаза на реплика и затоа велам три минути. А вие за збор јавете се по амандманот после тоа.

**Жарко Караџоски:** Јас сум пријавен за збор и не прифаќам да ми течат трите минути.

**Љупчо Јордановски:** Добро, значи ќе преминете на амандманот. Повелете.

**Жарко Караџоски:** Добро, еве преминувам на амандманот.

Значи ставот 2 вели покрај враќањето на работа, една работа е кога со одлука на суд заради тоа што некој некого избркал од работа е спротивно на одредбите на законот. Судот задолжува со пресуда работникот да се врати на работа.

Ставот 2 вели покрај враќањето на работникот на работа работодавачот е должен да му исплати плата заради тоа што го избркал од работа неосновано односно спротивно со закон и заради тоа шт постои пресуда на суд. Меѓутоа, што е новината?

Почитуван претседателе, новина е што сега оваа Влада, нема да речам министерот за труд и социјална политика, значи оваа Влада во овој предлог измислил нешто што незнам кој може да го измисли-да се исплати 70% заради тоа што некој ве избркал и заради тоа што вие сте немале можност да работите, а е неосновано. Секаде постои одговорност, надомест на штета, одговорност по однос на штета итн, итн.

Кој трпи овде штета, работодавачот или работникот?

Значу да се поистовети, пак ќе се вратам, не е ова реплика, да се поистовети отказот со принуден одмор тоа е апсурд. Да се каже дека судот може да го врати работникот заради материјални докази односно материјални причини и заради формално правни, поточно процедурални работи. Па ние вас почитуван претседателе можеме да ве разрешиме од претседател на Собрание заради процедурални прашања, значи немате обврска, а можеме и затоа што не разбирате или не знаете согласно член . . .

**Љупчо Јордановски:** Јас немам право да се жалам на суд.

**Жарко Караџоски:** Значи, дали е нешто процедурално, или е нешто материјално нема никаква врска затоа што вие имате пресуда на суд, а работодавачот е должен да води сметка да ги почитува процедурите,како што сте вие должни да водите сметка да ја почитувате процедурата согласно Деловникот. Тоа е ваша обврска, исто е обврска на работодавачот, затоа што тој поима нема каков е законот, затоа што не знае каква е процедурата. Па, како ќе ја научи? Кога ќе плати 100% на работникот затоа што го избркал, затоа што не ја знае процедурата. Ние не можеме со одредба во закон да се впуштаме што судот зел за основ за престанок на работен однос односно за враќање на работа. Тоа си е работа на суд. Вие сте должни да ја почитувате таа пресуда, да го вратите работникот на работа и да му исплатите тоа што човекот го изгубил, затоа што човекот не фер, незаконски итн, итн, бил избркан дома.

Значи, обврска да се почитуваат законите, да се знае кого штитиме ние, правната држава или неправдата. Со ваква одредба ја штитиме неправдата. Значи, оној кој не знае да го наградиме, оној кој што знае и докажал дека знае да му дадеме 70%. Затоа навистина ова што сега ни се нуди во член 2 единствена корекција е овој амандман. Единствена корекција ако сакам правда и ако се залагаме за правда и ако сакаме правна држава и ако сакаме да научиме што е правна држава. Во спротивно никогаш нема да научиме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине министре повелете.

**Стевчо Јакимовски:** Нема врска принудниот одмор како институт и решението што го дава работодавачот со отказот како институт. Се работи за две ситуации кои имаат исти ефекти. Значи и во едниот и во другиот случај работникот не работи, седи дома. За оној што оди на работа 100% плата, за оној што седи дома и во едниот и во другиот случај 70% плата. Тоа е ставот и решението и амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски бидејќи ова беше реплика имате една минута контра реплика.

**Жарко Караџоски:** Господине министре знаете ли што е вина? Знаете ли причини поради кои некој со вина и без вина е избркан од работа? Знаете ли што е пресуда на суд, или не знаете? Како можете сега да ме убедувате дека толку е работодавачот дарежлив што и во случај на принуден и во случај на враќање со пресуда му се дава 70%. Кој е тој да цени дали ќе дава 70%. Има одлука на суд која вели надомест на штета треба да се исплати заради тоа што сте го избркале, а не знаете закон. Нема никаква врска ова што го зборувате.

**Љупчо Јордановски:** Значи, јас колку ве разбрав судот треба да одреди колку треба да му се исплати. Судот може да одлучи и 10%.

Повелете господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе амандманот поднесен од колешката Марија Којзеклиска, меѓутоа и дискусијата на моите колеги одат во сосема спротивна насока од она што ми се чини дека законодавецот сакал да го постигне преку овој член. Јас ќе бидам многу краток произнесувајќи се и по амандманот и по членот.

Мислам дека ставот 2 од членот 102, на кој се однесува амандманот е во спротивност со одредбите од Законот за облигациони односи во делот кој се однесува за исплата на нематеријална штета, односно во делот за надомест на штета.

Што сакам да кажам? Сакам да кажам ова што се однесува за делот на платите, можеби вие претседателе обраќајќи се на колегата Караџоски рековте дека судот ќе утврди, меѓутоа јас категорички ќе ви кажам да, навистина судот ќе ја утврди висината на надоместот на штета. Таа не мора да биде 70% од платата. Таа може да биде дури и пет пати повисока од платата. Сакам да укажам на нелогичноста и на амандманот и на членот.

Што правиме со вториот дел. Едно се платите, изгубената заработувачка, меѓутоа каде е нематеријалната штета. Ве уверувам и му предлагам на министерот да размисли и до крајот на седницата, на расправата по овој закон да поднесе амандман со кој правилно ќе го утврди членот 1023. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Караџоски повелете за реплика.

**Жарко Караџоски:** Господине Томиќ навистина не ми е јасно ова што го зборувате. Значи за вас не е јасен ни членот ни амандманот и не ја гледате аргумертираноста, фактички да останат и двата, барем колку што раллзбрав.

Амандманот токму тоа го зборува "надомест на штета во висина на изгубена заработка". Ова што сега вие го зборувате која е таа изгубена заработка е токму тоа, ќе оцени судот врз основа на докази, врз основа на фактичка состојба. Во категорија изгубена заработка може да влезе и материјална и нематеријална штета она што судот ќе го утврди. Тоа е потолно јасно и не е ништо спротивно со одредбите на Закнот за облигазиони односи. Напротив, амандманот е во корелација односно во согласност со Законот за облигациони односи. Членот 102 став 2, е во спротивност со Законот за облигациони односи. Да се ограничи максимум 70% значи да му ги врзете рацете на судот да не може реално и правилно да оцени која е таа висина на надомест на штета, туку мора да исплатите затоа што некој законски би рекол повеќе од 70% не смеете да давате.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Една минута контра реплика господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Мене ми е многу жал што Караџоски не ме разбра до крај.

Во овој амандман навистина би бил во ред да нема една ограничувачка реченица, третата реченица, а тоа е да се однесува само во висина на платата.

Колега Караџоски како адвокат верувајте јас нема да се задржам само на износот на платата. Вие тоа многу добро го знаете. Од тие причини му советувам на министерот да размисли и да понуди соодветно решение на членот 102.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, барате ли збор? (да)

**Спиро Мавровски:** Во контекст на ова што го кажуваше Томиќ максимална подршка има за тоа што го кажа и во однос на она што претходно говорев, нематеријалната штета е онаа која е многу поголема во однос на она што значи плата. Штрајкот 1993 година во РЕК-Битола и враќањето на вработените 1998 година, пет години избркани од работа придонесе 1998 година нето исплати сума повеќе од милион марки тогаш. Значи апсолутно ова како бројка 70% или 100% лво донос на платата е само еден минимален дел во однос на она што судот ќе треба да го утврди како нематеријална загуба. Тука апсолутно се согласуваме.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(пратеници влегуваат во салата)

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, од кои 16 за, 5 воздржани, и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 102 став 6 поднесен од пратениците Драго Шајноски и Ристо Пејовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам кој бара зобр?

Повелете господине Шајноски, имате збор.

(со седницата продолжи да претседава потпретседателот на Собранието Слободан Најдовски.

**Драго Шајноски:** Пред да го поднесам амандманот се консултирав и со службите во Собранието и со правници и јас би го замолил министерот да обрати внимание на ова што сакам сега да го кажам.

Насловот на членот 102 е "престанување на важноста на договорот за вработување врз основа на судска пресуда". Значи насловот е престанување на важноста на договорот врз основа на судска пресуда.

Првиот став е ако судот донесе правосилна одлука со која е утрдено дека на работникот незаконски му престанал работниот однос итн.

Значи, насловот на членот не коренспондира со ставот 1. Насловот зборува за престанување на важноста на договорот, а ставот 1 е враќање на работник заради незаконско престанување на работниот однос.

Амандманот го дадов на ставот 6 каде се вели дека "Одлука од став 1 на овој член Судот може да донесе и на барање на работодавачот", а во членот 1 пишува "ако Судот донесе правосилна одлука со која е утврдено дека на работникот незаконски му престанал работниот однос, работникот може да се врати на работа". Во ставот 6 се вели: "Одлука од став 1 на овој член Судот може да донесе и по барање на работодавачот". Што значи тоа, Судот да донесе одлука по барање на работодавачот работникот да се врати на работа? Ако не значи тоа, тогаш значи дека Судот може да донесе одлука и на барање на работодавачот работникот да биде избркан за што нивниот натамошен однос не е можен. Затоа, барам во ставот 6 да се вметне следното: "Одлука од став 1 на овој член Судот може да донесе и по барање на работодавачот ако за тоа се согласи работникот, со согласност на работникот, иако постојат околности кои оправдано укажуваат дека продолжување на работниот однос, со уважување на интересите на двете договорни страни не е можен". Значи насловот на овој член не кореспондира со ставот 1, а ставот 6 не е разбирлив. Мислам дека треба да се промени и насловот и ставот 6. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред тоа, ги молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум)

Молам, пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Присутните пратеници чекаат да се создаде кворум. Во меѓувреме во салата влегуваат повеќе пратеници).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника, од нив гласале 57, од кои 5 пратеници гласале за, 1 воздржано и 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 102 став 6, поднесен од пратениците Драго Шајноски и Ристо Пејовски.

Отворам претрес по амандманот на член 112 став 3 поднесен од Комисијата за здравство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски.

Повелете господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван министре, почитувани пратеници, ова е единствен член од понудениот закон за работни односи, со кој е потребно одделување на големи финансиски средства и сега во овој случај ќе паднат на товар на Фондот за здравствено осигурување.

Досега законското решение беше боледувањето до 60 дена да биде плаќано од работодавачите. Со новото законско решение се предвидува овој рок да се скрати само на 21 ден, значи 40 дена е оптоварен за плаќање на боледувањата на вработените Фондот за здравствено осигурување. Ваков голем пресврт, односно од 60 на 21 ден да се направи јас мислам дека е неоправдан, од причини кои сега ќе ги образложам.

Сите сме свесни во каква финансиска дубиоза се наоѓа Фондот за здравствено осигурување. Според моите последни информации, таа дубиоза изнесува 4,4 милијарди денари, односно околу 70 милиони евра. Фондот за здравствено осигурување во моментов се соочува со проблеми и не е во состојба да си ги исполнува основните задачи, односно основната функција за која е формиран, да пружа здравствена заштита на сите здравствени осигуреници во Република Македонија, да ги обезбедува со лекарства и друг потрошен медицински материјал сите граѓани на Република Македонија и, на крајот на краиштата да издвојува и д ги плаќа редовно платите на 25 илјади вработени во здравството.

Во последните два-три месеци вработените во здравството се соочуваат со неможност за навремено исплаќање на нивните плати. Свесни сме дека вработените во здравството најавуваат и генерален штрајк во почетокот на септември за зголемување на платата, а ние сега зборуваме и за исплата на овие сегашни плати.

Јас мислам дека овој временски период треба да биде зголемен барем на 30 дена, да се подели судбината, односно плаќањето, исплаќањето на боледувањата и кај работодавачите и кај Фондот за здравство, барем до оној момент додека не се консолидира финансиски Фондот за здравство, а државата мора еднаш да го консолидира, бидејќи ќе ја изгуби суштината за која е формиран, или додека не се реформира Фондот за здравство, а тогаш е лесно со измени и дополни на овој закон да се интервенира и во тој случај нека биде и само 9 дена, а не 21 ден. Но, обратно, ако Фондот за здравствено осигурување "рикне" тогаш ќе настанат иреверзибилни промени, па не ќе можеме после тоа со измени и дополнувања на ова законско решение да поправиме нешто во функционирањето на Фондот за здравство. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гештаковски.

За збор се јави министерот за труд и социјална политика,господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** При градењето на овие реформи секој мора да го поднесе товарот на реформите, и работодавачот и работниците, но исто така и државата. Претставници на државата сме ние како Влада. Нема логика некоректно и неправедно е, работодавачите еднаш придонесот за здравство го плаќаат прекку придонесот на бруто плата, што се плаќа при исплата на плата на работниците и вториот пат на индиректен начин повторно да им се зафаќа од нивниот приход, со тоа што боледувањата, како што беше досега ќе се исплаќаше до 60 дена на товар на работодавачот, а знаеме и самите какви енормни злоупотреби имаше, се одеше на боледување 60 дена, потоа еден ден прекин на боледувањето и повторно уште 60 дена.

Значи, со ова законски решение, кое е прифатено од страна на Владата на Република Македонија, сме подготвени сите да го сносиме товарот на реформите и мора да се подигне на повисоко ниво степенот на одговорноста на здравстсвените работници во смисла на издавање на боледувањата, затоа што имаме состојби во кои има и злоупотреби во овој дел.

Инаку, на дефицитот во Фондот во многу мала мера влијаат боледувањата. Напротив, на големината на дефицитот влијаат сосема други параметри и други трошоци, во однос на одредени лекарства, во однос на зголемен број вработени итн., што не би сакал сега подетално да го елаборирам. Сметам дека плаќањето на придонесот за здравство и 21 ден, е она што го оценивме и што е утврдено, Владата го поддржа овој предлог и 21 ден се сосема доволни за одредени лекувања, па дури и помали хируршки интервенции. Исто така, сметам дека Министерството за здравство заедно со Фондот мора да направат сериозни зафати во насока на намалулвање на трошоците и во насока на намалување и на злоупотребите, за што Министерството за здравство веќе подготвува нов правилник за тоа како и на кој начин ќе се утврдува висината на деновите за боледувања по различни болести, со и без компликација, а лично сметам дека таму треба да има одредена сериозна консолидација за да ги намаллуваме и натаму трошоците од работење и непотребно издадените боледувања што ги имаме во досегашниот временски период.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Три минути реплика за пратеникот Кире Гештаковски.

Повелете господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине потпретседателе.

Министре, јас ве разбирам во целина. Вие овој закон го имате правено според мерките на високоразвиените западноевропски држави, но не знам дали знаете каква е состојбата таму со нивните здравствени фондови. Состојбата со нашиот здравствен фонд јас ја кажав, тој е еден единствен вака поставен во државата, барем сега за сега, и тој опскрбува, односно здравствена заштита пружа на 2 милиони граѓани на Република Македонија. Значи буквално сите здравствени осигуреници се под надлежност на здравствениот фонд. Се работи за десетици и десетици илјади работодавачи. Овие 9 дена многу полесно товарот тие ќе го поднесат, отколку да пропадне Фондот за здравствено осигурување и тогаш да не може да ја извршува својата основна функција. Верувајте, ќе настанат непоправливи последици, не ќе може да ги извршува основните функции Фондот за здравство. Од друга страна, друга е работата. Нека се воспостави контрола, оваа држава има механизми, нека се пуштат во работа инспекциите, да се контролираат лажните боледувања, односно да се контролираат оние средсдтва од Фондот кои одат, и се согласувам дека одат непотребно. Но, тоа нема врска сега со плаќањето и не се согласувам дека овие средства се мали. Ова се огромни средства. 60 дена, односно сега 40 дена плаќање на боледување од страна на Фондот се огромни средства.

Сепак мислам, во оваа состојба во која се наоѓа Република Македонија не е време вака драстично да се зголеми периодот, односно 40 дена да се оптовари Фондот за здравство, бидејќи на крајот на краиштата нема да биде во функција и ова законско решение. На крајот ќе се доведеме во ситуација Фондот да не може да ги исплати тие боледувања. Ова законско решение во овој член нема да функционира. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гештаковски.

Господине министре, една минута контрареплика,

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски, повелете.

**Стевчо Јакимовски:** Според податоците на директорот на Фондот за здравство, претходниот месец сите деца во Делчево под 15 години биле болни, издадени се боледувања на родителите, а ние немаме епидемија или заразни болести, односно немаме прогласено таква состојба во Делчево. Што сакам да кажам? Неодговорноста на одредени државни органи не може финансискиот товар ние да го префрламе на други субјекти, во конкретниот случај на претпријатијата, затоа што во крајна инстанца повторно полнењето на Буџетот, Фондовите итн., оди од претпријатијата и апсолутно сметаме дека ние треба да се консолидираме, како што рековте да се зголемат контролите, да се утврдат одредени процедури и правилата, да се намали дефицитот, но исто така и да се затегне целосната контрола во издавањето на боледувањето, затоа што не е само трошокот што се прави, туку тие работници особено при злоупотребите и енормните боледувања го попречуваат процесот на работење.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Има збор пратеникот Гашоска Цветанка.

Повелете госпоѓо Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам господине потпретседателе.

Од друг аспект или од друг агол ќе го образложам овој амандман. Практикувањето на докторската дејност ми дава за право да го подржам истиот кој е донесен, односно предложен од Комисијата за здравство. Иако бев и ќе бидам и работодавач, значи зборував и од името како работодавач. Повеќе болни состојби или болести, и тоа акутни, бараат од прилика толкав период, односно 30 дена како што е нашиот предлог за оздравување и барем  малку рехабилитација. Рецидивите и компликациите на болестите, значи на истите, ќе им создаваат дополнителни проблеми на работодавачите, ќе се остави простор за уште некоја недела плус боледување од оние 21 ден. И да не се заборави дека во првиот предлог на законот, алтернатива на предлагачот беше 45 дена. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Гашоска.

Има збор пратеникот Оровчанец Ѓорѓи.

Поелете господине Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Јас мислам дека пратеникот Кире Гештаковкси убаво кажа, дури мислам дека беше учтив во своето барање, меѓутоа, покрај сознанието за правна држава, имаме и несознание за некои работи. Министерот кажува дека работодавецот му платил за неговото здравствено осигурување, а не е точна таа констатација. Работникот заработува и добива плата која е бруто, од таа плата работникот издвојува, тоа се парите на работникот кои се издвојуваат во Фондот за здравствено осигурување и во Фондот за пензиско осигурување. Тоа не се пари на работодавачот.

Парите на работодавачот се кај него, кај работодавачот. Рабоникот на основа на правата и обврските и работниот процес добива надоместок за тоа, или како што би рекле плата. Од таа плата тој издвојува средства и тоа се негови пари.

Втора работа што сакам да ја напоменам е дека ова е едно лаичко гледање на една голема институција, како што е Фондот за здравствено осигурување. Фондот за здравствено осигурување за последниве три години успеа да направи додатен дефицит од 40 милијони евра. Со оваа мерка сега како што се предлага со боледувањето, пресметаниот просек на боледување и надоместокот кој треба Фондот да го исплати, а не работодавачот, што ќе значи за Фондот: во расходен систем тоа се меѓу 520 и 550 милијони денари годишно. Тоа е сума на пари со која се подмируваат сите лекови во Република Македонија. За толку пари од Фондот треба да излезат нови додатни средства. Така што сумата не е мала. На овој начин, во проекција за следни три години, од сегашните, Гештаковски кажа 4,4 милијарди, моето сознание е дека се 4,8 милијарди, но добро да не се ценкаме. Но, во проекција за следните 4 години, ако работите продолжат на овој начин со ова додатно оптоварување, дефицитот на Фондот ќе ја добие димензијата на вкупниот годишен приход кој го реализира Фондот. Нема да имаме Фонд. Треба веднаш да се направи стечај, да се расформира и здравство и едноставно да не функционира системот. Мислам деак приодот е многу лаички направен, дека не ги опфатил сите сегменти на она што треба да функционира системот и дека сака да се покаже една наклоност спрема работодавачот, да не се издвојуваат пари од страна на работодавачот за боледувањата и тоа се правда, еве со некоја епидемија во Делчево и т.н. Господине минситре колку епидемии во Македонија не се прогласени за епидемии, па зошто не ги прогласите, како држава. Зошто немаме сега прогласено епидемија на бруцелоза и незнам што уште, да не кажувам. Според тоа, пропустите на системот, дали е тоа докторската фела, во комисиите, дали тука има корупција, дали има други елементи, тоа се прашања кои во законот се регулирани. Законот треба да се спроведува и ништо повеќе. На овој начин, практично за да ги покриете тие нерегуларности кои постојат во целиот систем, а очигледно се рестриктивни со закон, тогаш барате начин тоа да го надминете со едно вакво решение. Ова решение дефинитивно ќе нарпави многу штета во Република Македонија. На крајот на краиштата нема да бидат задоволни ни работодавците. Ако целиот систем пропадне, па каде ќе функционираат тие работници. Мислам дека не е доволно обмислено, дека треба да се преземе поаналитички приод кон сето ова и дека минситерот, барем ова што го нудиме како 30 дена, како некој баланс на состојбата, би требало да го прифати. Драстична е разликата од 60 дена која се плаќа до ова што сега е 21 ден. Разликата од 9 дена е само блага амортизација на ударот што треба да биде реализиран директно на Фондот за здравство. Сите членови на Комисијата буквално се согласија и токму поради тоа Комисијата излезе со овој амандман. Би требало, без разлика, не зборуваме веќе за политичка ориентација дали се членови на Комисија од ЛДП, од СДСМ, ДУИ, ВМРО-Народна и незнам кои, едноставно сватена е погрешната логика на законот. Токму поради тоа едногласно Комисијата гопдоржа овој амандман. Се надевам дека министерот ќе се премисли и ќе свати што зборуваем.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Оровчанец. Само би замолил во понатамошните дискусии, кога зборуваем за Фондот да не оперираме со бројки без образложение, бидејки за тоа ќе имаме точка на дневен ред. Кога ќе зборуваме за Извештјот на Фондот, тогаш ќе зборуваем, да не дојдеме до погрешни заклучоци во јавноста.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Придонесот кој се плаќа од бруто плата, точно е дека ја плаќа работникот од својата бруто плата. Но се поставува прашањето, кога работникот оди на боледување до 60 дена, кој ја плаќа платата, работникот од придонесот, или работодавачот од својот приход. За каков лаицизам тука зборуваме. Тоа се две различни работи. Едната е плаќање на придонес што го плаќа работникот со бруто платата, а вториот дел е што работодавачот исплаќа плата за време на боледување на товар на фирмата до 60 дена. Во конкретниов случај досегашно е.

Втората битна работа е, сме правеле анализи, господинот Оровчанец рече дека 500 милијони денари би значело дополнителни средства, значи со вака комотно однесување во издавање на боледувања и така натаму. Преку 300 милиони денари, тоа се податоци од Фондот за здравство, се злоупотребите на породилното боледување. Значи вашите 500, ако направиме законски измени во делот на породилното боледување, веќе 300 се заштедени и ако не се однесуваме комотно кон боледувањата, тој дефицит што вие

го кажувате ќе го нема. Ние максимално сериозно му пристапивме на овој проблем. Меѓутоа, не кажуваме дека има и такви заложби кои велат, ама полесно за пресметка ќе ни биде ако биде 30 дена и т.н. Треба да биде јасно, ако смсетаме дека има дефицит и ако сметаме дека на друг начин треба да го решаваме, тогаш покренете постапка за зголемвување на придонесите за здравство и тогаш ќе има чисти калкулации за секој работодавач што прави пресметка колкави се неговите трошоци за работна сила. Точно се знае, со придонесот, колку него го чини работната сила. Во конкретниот случај ние имаме скриени трошоци што зависат од тоа како односно колку одредени работници во одделни делови ќе користат боледување. Сметаме дека на ваков начин во тој дел ние ќе мораме да ја зголемиме одговоноста и на Министерството за здравство и на здравствените работници и на Фондот. Инаку сакам да знаете дека овој член, ова решение мора да биде баланс помеѓу потребата и барањето што го имаат работодавачите, потребата што ја имаат работниците при боледување и исто така она што значи удар на Фондот за здравство.

За ваша информација, Сојузот на стопански комори бараше да биде два дена боледување на товар на работодавач. Значи ние мора да направиме баланс помеѓу оние што треба да плаѓаат, оние што тоа гокористат и евентуално останатиот дел што треба да се плаќа, тоа е Фондот за здравство. Апсолутно нема никаква врска она што го зборувавте дека имало лаицизам, недоволна аналитичност и т.н. Конкретно за се сме разговарале, сме барале податоци, да дојдеме до конкретното решение што сме го предложиле и кое е и предлог на Владата. Ако Владата имала друго мислење, како што рековте алтернатива, да не беше 45 дена, туку 40. Ако имаше Владата друго мислење, ќе предложеше друго односно ќе беше веројатно вашиот предлог или 40 дена. Затоа е останато на 21 ден.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието господинот Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска имате три минути реплика.

**Марија Којзеклсика:** Јас, почитуван претседателе кога го слушав министерот не знаев дали е минситер за труд и социјална политика, или министер за здравство. После ова негово кажување и за работата на Фондот за здравствено осигурување и за работата на Минситерството за здравство и за злоупотребите, според неговото кажување и за износот од 300 илјади, вака како што тргнал министерот за труд и социјална плитика, од економија, најверојатно може да биде реконстуиран во минситер за здравство. Има потенцијал.

Второ, јас апсолутно го поддржувам коелгата Гештаковски во образложението на амандманот. Меѓутоа, министерот за труд и социјална политика, ако веќе сакал и се консултирал со Владата и има одобрение од Владата, а ова право претседателе е право кое е регулирано со основниот Закон за здравствено осигурување. Тоа е основен закон во кој се утврдува начинот и постапката за надоместок на плата во случај на болест и отсуство од работа поради болест. Значи ако веќе сакале да ја запазат процедурата, мора прво да се нарпават измени во основниот Закон, системскиот Закон, Законот за здравствено осигурување, а не минситерот тука да го брани она што треба да го брани минситерот за здравство или на минситерот за здравство му е полесно да види како ќе помине со Законот за труд и социјална политика, па после да дојде на ред здравство. Малку е обратен редоследот на работа, а се работи за болест или надоместок на палта на луѓе кои поради болест не можат активно да учествуваат во процесот на работа.

Јас се согласувам дека донекаде има злоупотреби, меѓутоа со ова законско решение тенденцијата е да се уништи Фондот за здравствено осигурување и како што кажа колегата Оровчанец, завршната фаза да биде стечај на Фондот за здравствено осигурување. Јас апсолутно не се согласувам со ваквото решение и го пдоржувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Оровачанец, вашите три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Со министерот се согласивме, тој се корегира дека работодавачот не уплаќал, туку е со пари на работникот.

Второ што треба да нагласам во боледувањето, тоа е принцип на осигурување. Колку е поголема масата, толку е поденоставно да дојдете.Ќе се разболи некој од работниците. Секој што плаќа од нив, плаќа и за тој што се разболел и тоа е нормално.

Меѓутоа, господине минситре, проблемите кои псотојат во таа сфера околу боледувањето, дали е тоа корумпираност, дали се тоа лажни боелдувања и т.н., со овој закон нема да ги решите. Јас се согласувам такви елементи. Која е правата реална состојба не можам да кажам. Меѓутоа кога зборувате веќе, јас би мислел дека вие би требало, како Министерство за труд исоцијална политика да преземете обврски за кои денес ви плаќа здравството. Сите душевни болници денес се хотели за социјално згрижени лица. Таму не постојат пациенти. Таму имате социјални случаи кои здравството ги плаќа со години наназад.

Понатаму, трудничко боледување. Самиот термин трудничко боледување ви е погрешен. Вие ако сте труд исоцијала и мислите за оваа држава, ќе треба вашето Министерство да го плаќа овој надоместок, но тој не е за трудничко боледување. Тоа е поради породилноотсуство. Тоа не е болест. Тоа не е патологија. Зошто вие не ги плаќате? Оставете ги тие пари во Фондот за здравство. Меѓутоа, работите на овој начин

сигурно нема да ги решите. Од се ова како производ ќе дојде до една состојба иретабилна. Внимавајте, кога здравството како систем пукне веќе нема поврат. Јас мислам дека вие ќе го сносите тој ризик, како минситер кој го иницирал тоа. Јас ќе го потенцирам уште еднаш да се знае, кога ќе пукне здравството, кој го нарпавил тоа.

**Љупчо Јордановски:** Повелте господине минситре имате збор, или реплика, контра реплика, како сакате.

**Стевчо Јакимовски:** Точно дека со овој закон ние не можеме да ги решиме проблемите во здравството, или со породилното боледување, туку со овој закон и со одредбата која ја даваме, тоа кажува дека некој веќе не може да биде комотен како што е и дека мора да се консолидира, да се преиспита и да воспостави строги процедури, затоа што има злоупотреби. Ние имаме претпријатија во кои 15 до 20% во континуитет работниците им се на боледување.

Второ, во право сте вие кога велите, каква врска имаат оние кои се душевно болни, социјални случаи што се згрижуваат.

Трето, каква врска има трудничкото боледување со здравството. Се согласувам, апсолутно. Но, каква врска, ве прашувам, има негата од трето лице со Министерството за труд и социјална политика. Јас се согласувам и токму нашето Минситерство го има покренато прашањето, тоа што е наше да си помине во Министерството за труд и социјална политика, овие две работи што вие ги спомнавте, но исто така негата од трето лице што веќе 12,5 милијони евра годишно се трошат, исто така да си го преземе Фондот за здравство. Значи имаме работи кои се измешани и во здравството, но и во Министерството за труд и социјална политика, а Министерството е подготвена ние тие работи да си ги испегламе и јас ви гарантирам дека Министерството за труд и социјална политика нема да дозволи злоупотреби во породилното боледување. Ќе најдеме законско решение тоа да го разрешиме.

Јас сум претставник на Владата. Моравме при носење на вакво решение да се консултираме и со Фондот за здравство.

Инаку госпоѓо Којзеклиска вчера имавме тематска седница на Влада каде се разговараше токму за проблемите во здравството и овие податоци, како минситер кој е должен да ги прочита материјалите и да се запознае со тоа што се разговара на Влада, веројатно ми останало нешто во глава и затоа ги пренесувам. Значи вашето сомневање или пофалби од познавањето на проблемите во здравството се како резултат на расправата на седница на Влада и обврските што сме ги имале при предлагање на овие решенија.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска што барате? Збор? (Да)

Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам.

Не би сакал да ги повторувам сите аргументи што ги искажаа колегите кои го подржува овој амандман на Комисијата за здравство. Јас се придружувам и апсолутно сметам се она што го искажаа колегите во подршка на овој амандман, и јас го подржувам. Но, јас би сакал за една друга работа, надвор од овие полемики, да продискутираме за нешто што можеби е од принципиелна природа.

Овој закон има вкупно 273 члена. Во првата фаза само на членот 112 беше понудена алтернатива и токму на ставот 3, за овој за кој сега расправаме. Таа алтернатива беше наместо 21 да биде 40 дена. Значи од цел закон, во првата фаза, од можни 273 члена, предлагачот ни понуди една единствена алтернатива. И што сега? Кога некој ви нуди алтернатива, тоа значи, во моментот кога ја нудел дека правел некакви есапи или некакви математики дека е можно и тоа да бид еприфатено, наспроти она што сега минситерот вели дека математиката не излегувала. Значи ли првиот пат слабо баратале со математиката, или пак сега се свестиле за некои работи за кои тогаш не биле свесни. Но, ќе го поставам сега прашањето, коај е сега пак улогат ана Собранието и нас како пратеници.

Во првата фаза, скоро сите пратеници кои дискутираа овде на општиот претрес, ја подржаа токму алтернативата. Скоро сите комисии во правата фаза, исто така во своите извештаија подржаа алтернативата.

Во втората фаза, во овој Предлог кој сега ни се нуди, исто така скоро сите комисии ја подржуваат алтернативата, или некои модифицирани, како овој амандман, наместо 40 да е 30 дена. Голем дел од пратениците овде, позиција, опозиција, не е битно, исто така го подржуваат. Комисиите тоа го прават едногласно и сега ние се наоѓаме во еден заплет во кој сега Владата упорно опстојува на она што го понудила во своето прво решение односно да остане 21 ден.

Зошто воопшто се нуда алтернативи кога не сте подготвени да ги разгледувате, ниту да ги прифаќате? Немојте да ставате во првата фаза алтернатива кога сега излегувате со ваква аргументација што навистина не држи, затоа што веќе еднаш сте понудиле алтернатива. Тоа треба малку да се има предвид, не само да не насочите во некоја насока и нас како пратеници и како комисии, да се истепаме од работа за амандмани, да бараме некоја солуција, ајде да не биде ниту 21, ниту 40, нека биде 30, за на крајот да опстоите на онаа варијанта што беше понудена како текст на законот, односно 21 ден.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Господине Камчев имате збор.

**Никола Камчев:** Благодарам претседателе.

По логика на нештата јас сум од парламентарното мнозинство и треба да ја поддржам Владата во нејзините проекти.

Меѓутоа, како член на Комисијата за здравство, едногласно беше донесена одлуката да се поднесе амандман на овој член од законот. Тоа, заради одредени логични работи:

Прво, ова боледување до сега, Фондот за здравство го плаќаше до 60 дена. Два месеци. Ова боледување го даваат комисии, формирани од Фондот за здравство. Комисии од три членови. Лекар поединец има право да даде 15 дена боледување, според нормите и актите на Фондот за здравство. Така што два, условно кажано, субјекти ги донесуваат одлуките кому ќе се даде боледување. Меѓутоа, злоупотреби, ако има овде, злоупотреби има и во сите други закони, меѓутоа толку не се ставаше акцентот на злоупотреба на другите закони. Со тоа ќе кажеме или дека здравството е корумпирано или дека лекарите се корумпирани. Што не се согласувам со таа работа.

Ако било 60 дена, да имаше алтернатива 40 дена, сега, кога станаа 21 ден, јас мислам дека логично е, ако веќе се прават попусти и компромиси и се договара за една таква работа, тогаш барем ако не 100%, 50% да ги носат ризиците работодавачите и Фондот за здравство. Заради тоа се приклучив и јас на овој амандман, да се предложи боледувањето од 30 дена да го сносат работодавците.

Само една работа, иако бројките не ми се многу добра страна, ќе кажам дека обично кај приватните работодавци платата изнесува 6.000 денари. Тоа е 100 евра. А, придонесот за здравство е 8% од бруто платата. Сфатете колку е тоа, а колку изнесуваат боледувањата понатаму ако се над тие 30 денови?

Така што, јас се придружувам кон тоа да го заштитиме Фондот за здравство, бидејќи секој ден се се помалку плакачите на овој придонес, а корисниците на здравствената заштита се се повеќе и повеќе. А, во здравствената заштита, од средствата на Фондот, има еден конгломерат на плаќање и права и лекови и куратива и превентива и тн. и тн. што со секој буџет на Фодот и со секој буџет на државата, каде што обврските се и на државата за плаќање на одредени превентивни програми, а тие секој ден се зголемуваат, беа 8, сега се 12-13, Фондот за здравство ќе се најде во една многу тешка ситуација. Заради тоа, како член на Комисијата за здравство, се приклучив во поддршката на овој амандман.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Ќе кажам уште неколку аспекти, можеби и министерот ќе ги прифати, ќе размисли, не знам.

Вака сега, секој издвојува од својата месечна плата придонес за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 21%. 8,6% за придонес за здравствено осигурување, плус дополнителни 0,5% и тн. и тн. и сега, кога дојде ред, не знам колку министерот е информиран, во подрачните единици, каде што се врши, прво и прегледот од страна на комисијата формирана во подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување, како прв филтер, за да се види дали лицето тоа и тоа има право на боледување. Значи, претходно имаме 15 денови од матичен лекар, дадено како можност според Законот за здравствен осигурување, матичен лекар да даде боледување до 15 дена. Потоа лицето оди на комисија и комисијата утврдува колку натаму, на тоа лице, според неговата болест, ќе му биде исплатено.

Покрај таа комисија, во подрачните единици има и Второстепена комисија што одлучува по жалби, доколку на лицето не му е одобрено боледување над 15 дена.

Има филтри што ги спречуваат, до некаде, злоупотребите за што вие кажувате.

Понатаму, боледувањата се исплаќаат, токму заради фатот што Фондот за здравствено осигурување нема доволен број на средства, се исплаќаат со големо задоцнување. Вие можете сега, во некоја подрачна единица да добиете боледување за февруари, а веќе сме јули. Значи, има застој, има токму затоа и огромен број на неисплатени боледувања.

И сега, работодавачите, почитуван министре, со заостаток од платата или исплата на плата, заедно со придонесите, придонесуваат за задоцнување на боледувањата и тие да си останат на товар на Фондот.

Е сега, работодавците имаат можност да формираат, како што имаме и ние примери, да формираат комисија во која што можат да отидат дома кај лицето кое е подолго време на боледување и да утврдат дали тоа лице навистина е дома, дали тоа лице навистина го користи боледувањето, ја користи терапијата што му е дадена од страна, што пак може да биде основ за престанок на работен однос.

Значи, има механизми и филтри. Вие, вака, со предложеното решение, покрај сите дискусии што беа претходно, како што јас велев за мојот амандман дека ги штитите работодавците и со овој амандман ги штитите, со ова предложено решение сакав да кажам ги штитите работодавците, на товар на Фондот за здравствено осигурување. Фондот за здравствено осигурување не е вреќа без дно.

Потполно се согласувам со колегата Оровчанец кога велеше дека ако колабира здравството, а на тој пат сме, тешко дека ќе може воопшто да се стави на здрави нозе. Значи, покрај сите други аргументи кажани од членовите на Комисијата за здравство и сите дискутанти по овој амандман, мислам дека е редно да размислите и да ја прифатите алтернативата, односно тоа што го дадовте како алтернатива во првиот текст на законот, ако веќе не се согласувате со амандманот. Еве, амандманот е и порестриктивен од тоа што вие како алтернатива го дадовте. Дадовте 40 денови, а амандманот бара 30 денови.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Најдовски повелете имате збор.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, почитувани колеги,

Се надевам дека колегите кои досега дискутираа нема да ме сфатат погрешно ако кажам дека оние кои, барем до сега дискутираа, со исклучок на господиное Караџоски, не би сакал да сфатат дека дискутираат директно поврзани со тоа што директно се зависни од функционирањето на Фондот.

На почетокот би сакал да разјасниме две работи. Се надевам, прво и убеден сум дека, како предлагач на овој закон не се јавува само Министерството за труд и социјална политика, бидејќи тие се само претставници на овој закон, туку овој закон го предлага Владата на Реублика Македонија. Сигурно во таа Влада, надлежните министерства и фондовите што се поврзани со функционирањето, дошле до некои заклучоци што на ваков начин се предлага разрешувањето, еве така да речам во наводници, на овој проблем.

Првото прашање што треба да го разјасниме, во целиот закон, ако до сега се зборуваше и се зборува за заштита на правата на работниците, да разјасниме дека ниту со предложеното законско решение, ниту со амандманот што е предложен од Комисијата за здравство, воопшто не се намалуваат правата на работниците по основ на боледување. Што значи дека воопшто не се задира во правата на работниците. Тоа само поради појаснување за јавноста.

Втора работа, амандманот поаѓа од претпоставки. Првата и главна претпоставка е дека со ваквиот начин на плаќање на боледувањето, од досегашните 60 на 21 ден, директно ќе се одрази на финансиската состојба на Фондот за здравство. Но, можно е, пак да речам, од друга страна, од друга претпоставка дека со ваквото законско решение, велам на претпоставка, заради тоа што сигурно предлагачот, Владата, имала математички пресметки, а ние сепак тоа го зборуваме овде како пратеници, на претпоставки.

Претпоставка е дека со ваквиот начин на пресметување на боледувањето ќе останат повеќе пари кај работодавачите. Работодавачите, автоматски би ја зголемиле платата на работниците, автоматски со тоа би се зголемил процентуалниот износ, со оглед на тоа што придонесот за здравство е процент од бруто платата, па на таков начин, еве да кажеме, под претпоставка, кога предлагачите на амандманот се заснивaат на претпоставки, дека на таков начин, според таа претпоставка би се зголемиле приходите на Фондот за здравство.

Со ова сакам да укажам дека не го решаваме прашањето на Фондот за здравство и прашањето на здравството во комплет со овој амандман. Напротив, сметам дека ќе создадеме, со едно вакво законско решение, ќе создадеме услови, велам услови кај оние кои се директно поврзани со Фондот за здравство, многу повеќе да се грижат и тие да бидат заинтересирани за трошењето на парите од Фонтод за здравство. Мислам дека во тој случај ќе придонесеме за подобрување на состојбата и кај работодавачите и во Фондот за здравство.

Можам до некаде да го прифатам стравот што постои околу финансирање на Фондот. Но, убеден сум дека не е основната причина, нема да биде ова што е овде законско решение, така како што е предложено, туку напротив. Можеби, велиме дека и вие својот амандман го базирате на претпоставки, можеби претпоставката што јас ја кажувам, може да доведе до зголемување на приходи во Фондот за здравство.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Оровчанец сакате реплика?

Повлете, имате три минути за реплика.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Се извинувам на господинот Најдовски што тој се доведува во некоја ситуација да го брани министерот Јакимовски. Ние не го напаѓавме ни министерот Јакимовски. Не мора да се правдате со Владата.

Господине Најдовски, решението, овде, дали 100 илјади работодавци во оваа земја можат да дадат уште нешто пари, наместо Фондот за здравство кој е еден единствен, не постои друг, барем да имаме уште еден фонд, го расходуваме и на тој начин го уништуваме целиот систем.

Второ, на овој начин сигурно не се зголемуваат приходите. Ова не е начин за зголемување на приходите на Фондот. Ова е начин за делумно намалување на расходите на Фондот.

А, што се однесува до приходите на Фондот, во изминативе два месеци, приходите во Фондот се паднати на најниско ниво од осамостојувањето на Република Македонија. Трендот е надолен. Со додатни расходи, крахот ќе биде многу брзо.

Јас мислам дека ова треба и вие да го сфатите, како човек, потенцијал, кој треба да обмисли еден систем на живеење, како пратеник. Значи, сите законски мерки за намалување на она што го зборуваше министерот, на расходите, да се направат, меѓутоа во овој дел, да не се чепка барем засега. Или, овој компромис колку токлу да се испегла, за да може да се одржи некој баланс.

Кога ќе дојдат поголеми приходи, јас првиот ќе бидам тој кој ќе гласа да биде на 21. Ако бидат уште поголеми, ќе гласам и на 15 дена. Меѓутоа, во оваа ситуација мислам дека е тоа неодржливо. Тоа не е градење на претпоставки, како што сакате да прикажете. Воопшто не зборуваме за претпоставки. Зборуваме за многу егзактна работа.

Не знам дали сте свесни што значи колабирање на овој систем што го одржува здравствениот систем во Република Македонија. Што тоа значи и кои реперкусии би ги имале по населението на земјава?

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута имате господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Само дообјаснување.

Воопшто немав намера да го бранам министерот. Доволно е паметен и способен самиот да се одбрани. Но, само сакав да укажам, јавувајќи се како предлагач Владата, сакав да укажам дека при предлагањето на законот сите сегменти што се опфатени во Владата, расправале, и дошле до ова решение.

А, дека не се заснива вашето на претпоставки, не сте во право, затоа што велам, можеме аналогно на тоа што вие расправате да расправаме дека останатите пари кај работодавачите можат да доведат до зголемување на приходите во Фондот. Односно, преку зголемување на платите, ако им се намалени останатите трошоци што беа до сега поврзани со боледувањето, дали преку нови вработувања или пак со зголемување на платите на постојните вработени, кои автоматски го зголемуваат процентот за придонесот за Фондот за здравство.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стојаноски, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине Јордановски.

Сметам дека основното прашање на кое што треба да се одговори со ова решение, што е предвидено во овој член на законот е како да се заштити функционирањето на здравствениот систем преку Фондот за здравство, како главен финансиер на овој систем, да не се посега или да се посега помалку по середствата што се средства на работодавачите, а од друга страна да не се наруши социјалната сигурност на работниците кои се на боледување.

Намалувањето на обврските што ги имаат работодавачите по овој основ, навистина треба да се постави како прашање дали треба да бие на штета на Фондот за здравство, кое што индиректно значи и влијае на квалитетот на лоекувањето на граѓаните, односно на здравствените услуги што им се даваат на граѓаните, затоа што од парите што се наменети за медицинска опрема, за медицински помагала, медицински инструменти, лекови, потоа за плати и надоместоци на вработените во здравствената дејност, се зема износот кој ќе биде потребен за исплата на надоместокот за време на боледување.

Тоа значи дека разликата од 60 дена, колку што до сега плаќаа работодавачите и 21 ден колку што се предлага сега, претставува зголемување на обврските на Фондот по овој основ, за цели 70%.

Во ситуација во која што се наоѓа Фондот за здравство и здравството во целина во Република Македонија, ова ќе значи само дополнително туркање на здравствената дејност во Република Македонија во бездна, нарушување на целиот здравствен систем. Секако, врз ова има влијание и неспроведувњето на реформите во здравствениот сектор, што требаше да придонесат за надминување на ваквата ситуација. Меѓутоа, тоа е друго прашање.

Затоа, за да не се уништат шансите на македонското здравство од една страна, истовремено да се намали товарот што го имаат фирмите по овој основ, затоа што факт е дека фирмите се наоѓаат и онака во тешка ситуација, па ова им претставува дополнителен товар на тие фирми, мора да се вклучат и средства, пари, што треба да ги покријат овие трошоци.

Затоа, се поставува едно друго прашање, за служат средствата што се плаќаат за здравств ено осигурување? Дали тие средства служат само за лекови и за финансирање на здравствената дејност , или служат и за зачувучувување на социјалната сигурност на работниците додека тие се наоѓаат на боледување. Од оваа ситуација навистина сметам дека основно решение, факт е дека од некаде треба да земат плати. Ако се растоварат работодавачите, ако се намали бројот на денови кои што тие ги плаќале досега треба тие денови да ги плаќа некој друг, со ова се предлага тоа да биде Фондот за здравство. Меѓутоа, јас се прашувам ако веќе овие средства се наменети за одржување на социјалната сигурност, не само за лекување на оние кои што се болни ,туку и за социјалната сигурност за периодот додека не се на работа, дефинитивно е потребно Владата преку свои средства да се вклучи во разрешувањето на овој проблем. Без дополнителни средства сметам дека ние само ќе направиме огромна штета и на работодавачите и Фондот за здравство и фактот што Владата сака да се тргне од овој проблем на овој начин со тоа што ги префрла обврските на Фондот за здравство или обратно, ако се прифати она што се предлага од страна на Владата односно што се предлага да се зголеми бројот на денови кои треба да ги плаќаат работодавачите, навистина сметам дека нема да доведеме до никакво решение, ниту работодавачите ќе бидат растоварени ниту Фондот за здравство ќе биде во подобра ситуација, единствено се спасува Буџетот на Република Македонија односно Владата која треба да издвои дополнителни средства за решавање на овој проблем.

Затоа сметам дека единствен начин за да се реши овој проблем е преку Министерството за труд и социјална политика да се постави и социјална димензија во решавањето на овој проблем. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата затоа што треба да го гласаме амандманот.

Ги повикувам пратениците посебно оние кои толку жустро дискутираа и го подржуваа амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 15 за амандманот, 7 воздржани, 33 против, а во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 112 за додавање нова реченица на став 3, поднесен од пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Ангел Димитров, Цветле Јаневска, Емилија Костадинова и Наташа Биковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јакомовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 112 став 4, поднесен од пратениците Петар Апостолов, Соња Лепиткова и Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи е претходно апсолвиран со претходни амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 6 гласале за, 3 воздржани, 46 против, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 112 став 4, поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи е претходно прифатен со друг амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 47 пратеника, 4 гласале за, 2 воздржано, 41 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот, бидејќи многу малку гласале.

Ги молам пратениците да гласаат, за да не броиме и да не трошиме време.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои аманддманот.

Отворам претрес по амандманот на член 114, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не е пријавен за збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 5 гласале за, 2 воздржани, 48 против, а во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 117 став 2, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 120 за додавање нова точка 3 по точка 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот е прифатен.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 124 став 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** Овој предлог е веќе апсолвиран со членот 164.

Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника, 55 гласале, 4 за, 1 воздржан, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 124 за додавање три нови ставови 3, 4 и 5 по ставот 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Ствчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, амандманот се однесува на членот 124 кој ја регулира распределбата на работното време. Со амандманот што го предлагам практично се прави обид прво да се даде дефиниција на работно време дека децидно се уредува тоа дека прераспределеното работно време не може да се смета за прекувремена работа, меѓутоа, се предлагаат два нови става кои се во функција на заштита прво на работник кој не наполнил 18 години да не му се дозволува работа во прераспределено полно работно време со оглед на тоа што има различни заштитни механизми во одредени членови од законот кога и за што можат да се ангажираат деца или работник кој не наполнил уште 18 години.

Вториот став се однесува на трудница, мајка со дете на 3 годишна возраст и самохран родител на дете до 6 години старост да може да работи во прераспределено работно време само доколку даде писмена изјава дека доброволно се согласува на тоа.

Ваквите решенија не се непознати во други држави, само сакам да појаснам зошто самохран родител со дете до 6 години и мајка со дете до 3 годишна возраст од 6 годишна возраст па натаму детето влегува во процес на образование и се смета дека по завршување на часовите на дневните школски обврски веќе може самостојно да се грижи за себе, меѓутоа, за дете до 3 годишна возраст кое има двајца родители веќе е полесно да се распределат обврските кога станува збор за родител кој е обврзан да остане подолго од работното време кое е вообичаено.

Не сметам дека го оптоваруваат, туку напротив дека допрецизираат законот и дека влегува во функција на заштита на овие две категории на граѓани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 6 за амандманот,5 воздржани, 46 против, а во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 137 став 2, поднесен од пратеникот Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Прашањето за родители кои имаат деца со посебни потреби или со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој е веќе опсервирано и им се дава право да работат 4 часа, да бидат платени за 8 часа и придонесите да се плаќаат за 8 часа.

Исто така имаат зголемено право на годишен одмор од 3 дена повеќе во однос на сите останати работници.

Овде е предлогот од 3 да се дадат пет дена поголем годишен одмор на овие родители кои имаат деца со вакви потреби. Сметаме дека доволно се дадени овие права и доколку одиме во преголема заштита и бенефиции, сметаме дека ваквите членови ќе бидат контрапродуктивни односно работодавачите ќе избегаваат да примаат вакви родители  кои треба да работат 4 часа, а да ги плаќаат за 8, да им се плаќаат придонеси за 8 и да имаат цела недела повеќе годишен одмор и затоа сметаме дека треба да остане решението како што го имаме односно амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Имате збор господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе, јас навистина со овој амандман имав една благородна намера, меѓутоа, министерот не го прифати амандманот, јас не сакам овде да се убедувам со колегите пратеници и од тие причини го повлекувам амандманот. Благоддарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 150 за менување на став 2, поднесен од Комисијата за здравство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** Иако се коси со моите размислувања амандманот ќе го прифатам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 150 за менување на став 2, поднесен од пратениците Сашо Дохчев, Кире Гештаковски, Соња Лепиткова и Рафет Муминовиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** Бидејќи со претходниот амандман е прифатен овој амандман и е излишен. Амандманот не се прифаќа или да се повлече.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Дохчев.

**Сашо Дохчев:** Благодарам претседателе, почитуван министре, имајќи го предвид фактот дека претходниот амандман што го прифати министерот ја постигна целта, во името на сите предлагачи амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на членот 151 поднесен од пратеникот Наташа Биковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** Сметам дека предложениот амандман не е во интерес на сите оние кои се бават со некоја општествена активност односно сите оние што се избрани или именувани и сметам дека не е добро да се ограничува нивниот мандат за колку време тие можат да се вратат на своите работни места.

Од тие причини не го прифаќам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Биковска.

**Наташа Биковска:** Така е како што кажа министерот и за тоа го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен .

Отворам претрес по амандманот на член 164 за менување на став 2 и за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Каролина Ристова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Ристова имате збор.

**Каролина Ристова:** Не ми е јасно зошто не се прифаќа од причини што сугестијата е во делот на прекувремената работа или работа ноќе , а имање дете од 1 до 3 годишна возраст зошто во законот е предвидено или се прејудицира да биде можност само за родителот мајка како што овде се користи терминот работничка, а за таткото работник да биде само во ситуации кога мајката ќе умре, кога нема да може од други причини што се наведени да ја користи ваквата ситуација.

Сметам дека од тој аспект ставовите 2 и 3 се патријархални и дискриминаторски, тие се патријархални затоа што прејудицираат, дури би рекла на еден тоталитарен начин од страна на државата таму каде што не е потребно како родителите на деца од една до три години возраст, а кои работат, ќе си ги организираат семејните и професионалните обврски и нивното меѓусебно усогласување. Дополнително е неразбирливо решението од причини што не се работи за деца кои се екслузивно на доење, значи не се на таа возраст. Понатаму сметам дека решението вака како што е формулирано со прејудицирање на полот на родителот е спротивно за антидискриминаторските одредби и духот на останатите делови од законот, а и целината на самиот закон со што практично се цементира споменатата обврска околу децата само во однос на мајката односно работникот мајка.

Конечно, како дополнителен аргумент е конкретниот член 161 став 2 каде се наведува дека работодавачот треба да им овозможи на работниците полесно да ги усогласат семејните и професионалните обврски и белким не се мисли тоа да биде само на едниот родител, туку на двајцата родители. Кога ја слушнав аргументацијата зошто се одбива амандманот, беше како ќе знаат дека двајцата родители можат тоа да го злоупотребат итн., тогаш зошто не стои оној термин работникот било од кој пол, а не вака а се прејудицира. Зошто не стои работникот во смисла на маж, односно на таткото. Зошто се прејудицира тоа да биде мајката. Мислам дека ова е патријархално и дискриминаторски и ако овој пат не ми се изгласа, јас од оваа промена во законот нема да се откажам во некоја наредна фаза со измени и дополнувања. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Поповска имате збор.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги,

Сакам да го подржам амандманот. Сметам дека е во духот на современите трендови за рамноправност на половите и во оваа смисла овдека со овој амандман ќе се изедначи третманот на половите во сферата на родителството, затоа што и двајцата родители имаат под еднакви обврски и права на споделување на обврските по домот што се однесува до грижата за заедничкото домажинство, но и за грижата за децата. Така што амандманот е сосема во ред и мислам дека ќе го подобри текстот и ќе го изедначи на нивото што значат современи светски трендови и ја подддржувам колешката и во идни напори во таа насока, доколку треба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре имате збор. Повелете.

**Стевчо Јакимовски:** Во новиот став што се предлага со амандманот, се предлага на еден од работниците родители кои имаат дете од 1 до 3 години, може да му се наложи да обавува преку времена работа или работа ноќе, само по негова претходна согласност. Значи овдека се предлага решение и двајцата родители да се повикуваат на тригодишното дете дали сакаат или не сакаат да прифатат преку времена работа. Ние тоа право го даваме на мајката.

А вашиот предлог е и двајцата родители да можат да се повиккуваат на тригодишното дете,

односно да прифаќаат или одбиваат прекувремена работа.

Од тие причини не можеме да го прифатиме амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете имате три минути реплика госпоѓо Ристова.

**Каролина Ристова:** Повторно ќе повторам, јас ја разбрав вашата аргументација со која што се плашите дека двајцата родители можат да злоупотребуваат. Меѓутоа, во друг дел од законот, законот мора системски да се толкува, се вели дека практично работодавсците треба да обезбедат усогласување на приватните и професионалните обврски, што значи дека во практиката, ако сакате ќе се искристализира можноста како да се спречуваат таквите злоупотреби. За тоа ќе се грижат и самите работодвци. И ова е како што сега еден мој пратеник кажа,вие сте оделе по лилнија на помал отпор, а самата суштина на решението, што ви е формулацијата во овој член, односно претходниот став е буквално патријахален и дискриминаторски, а спротивно од другите одредби од законот каде што вие постојано истакнувавте дека има големо унапредување во спротивна насока.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Господине претседателе и јас сакам да го поддржам овој амандман.

Не мислам дека тој е така поставен да направи збрка, па двајцата родители да не можат да бидат задолжени за ноќна работа. За тоа во амандманот добро стои, еден од двајцата може да се повика да не оди. Ние овде да не кажеме дека тоа мора да биде мајката. Може да има сложени состојби во семејството каде е полесно мајката да оди да работи, отколку да биде таткото. Тие нека се договорат. Тие се семејство, тие ќе си одговараат. Мислам дека не е лошо направен амандманот. Не носи опасност за двајцата, како што се сомнева министерот дека двајцата ќе се извадат па двајцата да не добијат наредба да работат ноќно време.

Мислам дека сакале или не сакале, ако не го усвоиме овој амандман, ние некоја врста на нерамноправност на родителите внесуваме овде. Тоа не ни е потребно. Законот во целина земено, мислам дека законот е добар, потоа ќе кажам и за тоа. Но има вакви ситни работи кои можат да се исправат на време. Подобро е да ги исправиме сега.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Теута имате збор.

**Теута Арифи:** Почитувани пратеници, почитуван министер, сакам исто така да го поддржам амандманот на колешката Ристова. Мислам дека е на место амандманот и е во однос на еден значаен аспект на општественото разбирање на семејството, значи на поделбата на обврските и сносувањето на обврските на двајцата родители. Уште повеќе што тргнувајќи од фактот дека во разните интегрирачки процеси исто така и усогалсувањето на законите ќе бара еден концепт и филозовија од оваа природа со разните европски закони кои што се доста сензитивни кога се однесува на прашањето на недискриминацијата. Мислам дека овој амандман ќе треба да се подржи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре, ќе гласаме или ќе се прифати.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се однесува само на санкционирање на прекувремената работа и правото двајцата родители да се повикуваат на тригодишно дете дали прифаќаат или не прифаќаат прекувремена работа. Амандманот се однесува и на бришење на ставот 3 од член 164 кој што вели: "Право од став 1 и 2 има работникот татко на дете, односно работникот кој што детето го негува, доколку мајката умре, го напушти детето, односно врз основа на мислење на надлежна лекарска комисија според прописите на здравственото осигурување, неспособност за самото живеење и работење.

Ние кога разговаравме за породилното боледување, токму и од одредени пратенички и од лоби групата и од педијатрите итн., максимално се инсистираше на тоа што значи доењето што значи мајчинството на децата и тн., и сега, апсолутно предлагање на ваков член, односно амандман да се брише овој член, одиме спротивно на она што беа заложбите претходно кои што ги разговаравме околу порододилното боледување. И од тие причини уште еднаш потврдувам дека има две работи овој амандман и не ги прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Ристева имате реплика три минути.

**Каролина Ристова:** Аргументацијата што сега министерот ја изнесе воопшто не е во контекст на овој амандман. Мислам се брани позицијата на одбивање на амандманот со аргументи кои што не држат во конкретната ситуација, бидејќи овде се работи за дете од една до три години, значи какво доење, какви породилна и какви работи. Се работи за ситуација кога родител маж или жена има дете на возраст од една до три години, а оди веќе на работа и дали може да биде ангажиран прекувремено, или не може да биде ангажиран. Овде таа работа се струполува како право само на мајката. А не флексибилноста родителите со законското решение тоа да го усогласлат меѓу себе, како што зборуваше колегата Андов и се разбира, со своите работодавци. Затоа не случајно ние како законодавец тоталитарно им се мешаме во работи за кои што не треба да се мешаме, каде што треба да постои флексибилност. А повторно ќе кажам, какво доење, какви породилна. Зошто се користат аргументи кои што држат на друго место, а не држат овде. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски вие сакате нешто да кажете. Повелете.

**Спиро Мавровски:** Мислам дека амандманот е во ред и ставот 3 што е предложен со

амандманот да се избрише, мислам доколку се прифати првиот дел од амандманот, апсолутно нема потреба од второто, затоа што како што е предложено тука, детето што го негува, доколку мајката умре, мислам дека не е коректно и не е дел од законот да стои токму така тој став, а во однос на ова што работниците родители кои имаат дете од една до три години ќе може да му се наложи да обавува прекувремена работа или работа ноќе со негова претходна согласност и покрај тоа што овде ќе зборуваме 15 до 20 минути, јас мислам дека такви ситуации во Република Македонија  има многу малку. Но, во секој случај го прифаќам амандманот на госпоѓата Каролина Ристова. Би сакал да има многу повеќе вакви ситуации со кои што ќе му помогнеме, да има многу повеќе вработени и едноставно правото за кое што женското лоби се изборува, јас мислам дека има уште еден член во законот каде што повторно има дефинирање за работа на жени во ноќни смени, што апсолутно за мене е неприфатливо, затоа што тоа претставува повеќе дискриминација, отколку право на жената да не работи ноќе. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски да го чуеме вашето мислење.

**Блаже Стојановски:** Мислам дека овој амандман треба да се подведе под правото на родителска грижа кое што го имаат двајцата родители и таткото и мајката, посебно кога се работи за дете од една до три години. Можностите на работодавачот да има соодветна замена за еден од вработените при ноќна работа, преку времена работа итн., се дефинирани во овој закон и тоа апсолутно не би требало да претставува проблем за реализација на ова право на двата родители.

Од друга страна, она што го истакнува министерот, јас сметам дека се однесува пред се на можностите за евентуална злоупотреба на ова право, а таа злоупотреба од која што се плаши министерот може да се однесува на две или три работи.

Значи имаме различни ситуации во кои што се наоѓаат родителите. Во една ситуација едниот е вработен, другиот е невработен. Тоа не мора да биде мајката, може да биде таткото, или обратно.

Понатаму, има двајца вработени кај ист работодавец. Имаме и двајца вработени кај различен работодавец. Значи сите овие три ситуации во кои што се наоѓа едно семејство, треба да бидат регулирани на начин кој што ќе значи овозможување на остварување на ова право на родителска грижа, а од друга страна да не се направи штета на работодавецот. Меѓутоа, фактот дека штетата ја трпи работодавачот може да придонесе работодавачот со сопствен ангажман и со сопствени решенија да ја надмине можноста за злоупотреба на ова право.

Имено, во случај ако едниот родител е вработен, тогаш ситуацијата е чиста, затоа што тој родител не може никој да му го ускрати правото да се грижи за детето од една до три годишна возраст, независно од статусот на невработена мајка. Тоа може многу лесно да го направи преку изјава на мајката која што е тука, или имаме различни ситуации што се случуваат, напуштање на детето и тн., каде што немаме судска пресуда за развод на бракот и слични ситуации.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски, ве молам зборувајте за амандманот, не објаснувајте варијанти и подваријанти кои што немаат врска со амандманот. Ве молам го поддржувате ли амандманот или не го поддржувате.

**Блаже Стојановски:** Морам јас да објаснам зошто го подржувам и зошто не го поддржувам. И ве молам да не ме прекинувате.

**Љупчо Јордановски:**  Продолжете ве молам.

**Блаже Стојановски:** Значи, во ситуација кога имаме фактички престанок на семејниот живот, во тој сллучај детето има неопходност од родителска грижа на еден од родителите и на овој начин, како што е регулирано со законот, фактички се оневозможува на таткото да води грижа за детето.

Понатаму, ако двата родители се вработени кај ист работодвец, тогаш многу е лесна ситуацијата, затоа што самиот работодавец води грижа за тоа дали на едниот или на другиот родител вработен кај него ќе му овозможи да биде ослободен од можноста прекувремено да работи, или да извршува ноќни работи. И во ситуација кога тие се вработени кај двајца работодавци различни, нормален начин е работодавецот да побара известување од другиот работодавач, каде што е вработена мајката, или обратно каде што е вработен таткото, со кој што го известува дека правото на прекувремена работа не го остварува другиот родител и со тоа фактички многу лесно се регулира она прашање кое се однесува на злоупотребите кои што можат да се случат во овој поглед. Затоа сметам дека стравувањето на министерот, ако се прифати овој амандман дека се можни злоупотреби не држат. Тоа може работодавачот многу лесно да го реши, а од друга страна навистина, оневозможувањето на едниот родител, во случајот таткото да го користи ова право значи многу чекори назад во смисла на рамноправноста на родителите и сите оние права што ги имаат како семејство. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на глалсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 23 за амандманот, 6 воздржани и 31 против амандманот.

Во салата се присутни 67 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 165 ставови 1 и 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓица Грковска имате збор повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседател, почитувани колеги, го предложив амандманот зазради тоа што сметам дека работничка ко ја што родила повеќе деца од еднаш, или пак работничка која пак посвоила деца одеднаш, би требало да има право на подолго породилно отсуство од една година. Продилното отсуство во тој случај да изнесува две години.

Се надевам дека овој амандман ќе наиде на разбирање кај пратениците и дека ќе биде усвоен, заради тоа што, доколку би се ставиле во позиција на родители, на пример на четворка одеднаш родена, ќе сфатиме дека една година е навистина малку време да се посвети внимание кое што е непотребно и дека две години е реален период што е во пракса применет и во други земји, работнички кои што породиле или посвоиле одеднаш повеќе деца. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски повелете.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, јас би го поддржал овој амандман. Можеби и две години се малку, затоа што во ова време како што живееме во Република Македонија, со овој наталитет можноста и залагањето на сите, веќе почнуваме да стануваме стара нација за жал, начинот на кој што и младите се одлучуваат да влезат во брак, ова е уште една причина повеќе некој што родил две или три деца да има исто девет месеци, или една година во односна на она што значи породилно боледување. Мислам дека апсолутно не е во ред и дека овие две години се апсолутно прифатливи за сите нас како пратеници и мислам дека министерот треба да има малку повеќе сенс за оваа работа, затоа што и невладини и владини организации и црквата и сите оние други асоцијации, кои што во моментов се грижат за она што значи наталитет во Република Македонија, мислам дека сите заедно треба да дадеме еден придонес и овој амандман да биде прифатен.

Пратеничката група на ВМРО-Народна партија ќе гласа за овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Поповска имате збор повелете.

**Љилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе.

Јас го поддржувам амандманот. Мислам дека е многу потребен и многу полезен и тоа од два аспекта. Едниот е од хуман аспект, поради грижа на повеќе деца кои што ќе се родат, или кои што ќе се посвојат одеднаш и од друга страна од аспект на започнување да се води популациона политика. Нам популациона политика ни треба. Тоа го говорат сите експерти, а и ние како граѓани веќе чувствуваме дека нешто треба да се започне. Во недостиг на една сеопфатна програма, зошто да не почнеме парцијално дел по дел во одредени закони да ги внесуваме елементите кои што денес или утре треба да бидат составен дел од таа обмислена популацион политика. Значи давам потполна поддршка на амандманот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, може би ќе се поразмислев ако министерот кажеше некоја причина зошто го одбива амандманот, бидејќи не даде ни една причина ниту аргумент за тоа. Јас мислам дека ни во една куќа не е исто дали ќе се роди едно дете, или две деца наеднаш или три наеднаш. Тоа е дупло или три пати повеќе товар на таа куќа и ако не може на друг начин да се помогне, се помага понекогаш и на друг начин, мислам дека оптоварувањето е такво, сепак, овој амандман држи да биде усвоен и ние ќе го поддржиме.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Теута Арифи.

**Теута Арифи:** Почитуван претседател, почитувани колеги, сакам да говорам накратко за овој амандман. Во овој случај за да не го подржам бидејки мислам дека амандманот поднесен на овој начин е во судир со филозофијата и со концептот кој го расправавме малку претходно. Тој концепт подразбира дека кога се говори за породилно боледување подолго време, кога ќе стигне период детето да стане две години, по едногодишната возраст обврската во однос на детето е на двата родители, а само на еден родител во овој случај на мајката. Затоа мислам дека е во судир со филозофијата, но исто така и во однос на еден друг аспект во однос на прашањето дека е во судир и со модерните сваќања на односите со работата кога треба да се постигне една погоелма организација на приватниот живот со работата. Со самиот факт дека јас расправам овде и моето дете има 6 месеци, кажува дека и покрај тоа има еден дел на жртвување на некој од двајцата родители за да има успех во работата и вос еемјството.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика, госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Сосема кратко, на колешката Теута. Со секоја почит кон заложбите што ги правите за да ја вршите својата работа и скратување на правата кои што ви следуваат по основа на породилно боледување, меѓутоа треба да имаме разбирање за различни специфични ситуации. Овде амандманот се однесува за истовремено раѓање на повеќе деца, или посвојување повеќе деца, така што тоа се некои сосема реални обврски и тука нема ништо спорно. Сосема е во ред и хуманиот аспект налага да се обезбеди можност за родителот да се грижи посоодветно за тие деца. Инаку, не би се согласила воопшто дека е тоа спротивно од тековите за рамноправност на половите, едноставно тоа се различни прашања. Овде не зборуваме за избор на еден, или друг родител, туку овде зборуваме за правото на родителот да

се грижи да има мајката поголеми бенифиции во однос на раѓањето деца. Инаку, во многу современи земји во денешна Европа веќе се започнува симулирање на раѓање на деца од тој аспект со одредени мерки и подршка на државата, заради тоа што населението старее. На сите ни е јасно дека водење политика е сложена работа и дека има разни аспекти за кои што треба да се води сметка. Но, во случајот јас не гледам судир ни на родовиот концепт, ниту судир на концептот за обезбедување работна сила на државата. Притоа изборот е на оној кој што го прави изборот е на жената која што треба да се одлучи. Напротив, на еден ваков начин доколку се прифати еден ваков амандман и доколку се води соодветна популациона политика, ние ќе ја ослободиме жената од изборот на кој што е сега принудена, кога е принудена да избира помеѓу правото на мајчинство и правото на работа. Со оглед на нашите биолошки специфики како жени, ние ја имаме таа можност и среќа и обврска за раѓање, меѓутоа тоа не треба да не става во ситуација на дискриминираност при изборот на работа. Како и да е, мислам дека овие два концепта се во склад и дека треба да се води сметка и за едното и за другото.

**Љупчо Јордановски:** Една минута реплика госпоѓа Теута.

**Теута Арифи:** Ви благодарам. Мислам дека јас и госпоѓа Поповска сигурно не говориме со исти аргументи за исто прашање. Нормално дека јас знам дека станува збор за повеќе деца, но обврските и правата и љубовта за сите деца колку да се родат е иста. Заради оваа причина имам ваков став во однос на филозофијата дека и аргументацијата која се врши за да се зајакне политиката на популацијата, не се силни аргументи бидејќи прашањето на решавањето на бројот на децата е едно слободно решение и ова не можете да го направите. Со политички средства никогаш немало успех на тој начин.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Мислам дека дискусијата зеде еден друг правец, затоа што никој не може да предвиди дали ќе се роди едно, две или три деца. Зборуваме за специфични ситуации во кои што не се работи за градење на подршка за раѓање на второ, на трето и на четврто дете, туку зборуваме за раѓање на повеќе деца одеднаш. Значи, тоа е основната разлика во она што се дискутира. И од тие причини не е исто кога се раѓа едно дете и кога се раѓаат две, или повеќе деца наеднаш. Зборувам и во поглед на воспитувањето и во поглед на сите оние потреби кои што треба да ги задоволуваат родителите спрема своите деца. Значи, ако тргнеме од тој дел, зборуваме за основните права кои што нормално треба да ги имаат родителите, а тоа пред се значи подолго породилно отсуство за вакви специфични ситуации. Овие специфични ситуации не се толку чести, тоа може да се извади статистички. Сметам дека тука претставува и основниот проблем кој го натерало министерот да не го прифати овој амандман, затоа што министерот не навлегува за правото да биде подолго боледувањето заради специфичните потреби во вакви случаи кои што ги имаат децата и кои што треба да бидат задоволени од страна на нивните родители, туку тргнува од една друга аргументација која што се однесува на парите, на плаќањето на породилното отсуство. Затоа што не е исто кога некој треба да добива надомест една година и некој да добива надомест две години. Тоа е основната причина што министерот гласно не ја кажа, меѓутоа заради тоа не го прифати овој амандман. Иако сметам дека лично би признал дека специфичните потреби на родителите дефинитивно значат потреба од подолго породилно отсуство во вакви специфични случаи на раѓање на повеќе деца наеднаш.

**Љупчо Јордановски:** Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Господине претседателе само за појаснување за да нема дилеми заради тоа навистина во еден дел расправата по амандманот доби друг тек. Интенцијата на мојот амандман е само да ја регулира должината на правото на отсуство во случај кога се раѓаат, или посвојуваат повеќе деца одеднаш. Меѓутоа, тоа не го ускратува правото и на таткото, значи не ја става во прашање одлуката кој од родителите ќе ја има одговорноста на отсуство, заради тоа што од Законодавно-правната комисија е поднесен амандман на член 167 со кој што се регулира тоа прашање. Амандманот гласи: користење на отсуство од работа за родителство од страна на татко, или посвоител на дете и доколку отсуството од работа за родителство во членот 165 на овој закон не го користи работничката, правото на отсуство од работа за родителство го користи таткото, или посвоителот на детето. Со оглед на тоа што овој амандман на Законодавно-правната комсиија е прифатен од претставникот на Владата тој станува составен дел на законот. Значи, нема таква бојазност која што беше изразена од госпоѓата Арифи, дека би можело да се случи, или дека е оставено само на мајката да го користи тоа право.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Стојан Андов,

**Стојан Андов:** Јас уште еднаш сакам да кажам дека ова е корисен амандман и дека е потребно да го усвоиме овде во Собранието, а најдобро би било ако претставникот на Владата го прифати. Всушност треба да нагласиме дека овде нема никаква политика. Станува збор за тоа дали во еден дом, во едно семејство наеднаш се родило едно дете, или се родиле две, или три деца. Тоа апсолутно не е исто. И тука нема политики во тоа, нема ништо. Се родиле повеќе деца, ако се родиле повеќе деца од едно верувајте таа мајка најмалку две години има исти обврски како што има кога има едно дете една година. Така е состојбата во тоа семејство, мајката и родителот, се разбира, мајката, или таткото заедно. И затоа

мислам дека не треба да се измислуваат причини зошто овој амандман не треба да се усвои. За тоа нема причина. Родителите ја имаат таа потреба, тоа е објективна потреба во семејствата каде што се родиле повеќе деца. Јас верувам дека никој не може да си порача повеќе, или помалку деца, сеуште е така и тука нема политики, нема кого да караме за погрешна одлука, па ете му се родиле три деца наеднаш. Таа работа нема врска. Затоа треба да ги подржиме овие семејства. Како можеме да ги подржиме на друг начин? Треба да им се укаже некоја помош, има и други помошти, но оваа е секојдневна и секојдневна по 24 часа потреба на децата.

**Љупчо Јордановски:** Има збор Стевчо Јакимовски, министер за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** Сакам да укажам, значи предлагачот на законот имал предвид кога се раѓа едно дете и кога се раѓаат повеќе деца. За родено едно дете 9 месеци е породилното боледување, за родени повеќе деца е 12 месеци породилното боледување. Сега прашање е на оценка дали се доволно 12 месеци, или не се доволно 12 месеци. Да бидам искрен, можеби ќе имаше друго размислување кај нас, меѓутоа ова е преголемо, предлог што се дава од почитуваната пратеничка две години за повеќе деца и од тие причини не можеме да го прифатиме. Да бидам искрен доколку беше некоја алтернатива со помало решение, можеби ќе размислувавме да го прифатиме. Инаку ние прашањето сме го опсервирале и сме дале три месеци повеќе за оние што имаат родено повеќе од едно дете, не 9, туку 12 месеци.

**Љупчо Јордановски:** Што е работата господине Стојаноски, имате реплика?

Прво господинот Стојаноски реплика, па потоа господинот Андов и т.н.

**Блаже Стојаноски:** Ќе бидам многу краток. Се надевам дека она што министерот го кажа, ќе остане доследен на тоа, затоа што ако веќе е согласен дека може и повеќе од 12 месеци да трае породилното отсуство, тогаш има можност, согласно Деловникот на Собраниеот, да понуди решение во вид на амандман, со што ќе се зголеми времетраењето на породилното отсуство во вакви ситуации кога се раѓаат повеќе деца одеднаш. Со тоа ќе докаже дека она што го зборува, навистина, има намера да го спроведе. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Андов повелете за реплика.

**Стојан Андов:** Господине претседателе,

Сугестијата е иста, можеби тие и поточно ќе предвидат колку ќе биде подолго. Нивните служби тоа подобро го знаат.

Само, добро е сепак да биде, ако не две години, тогаш барем 18 месеци во случај кога се раѓаат повеќе деца.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Флоровски, имате реплика, повелете.

**Александар Флоровски:** Сакам следното да го потенцирам, дека амандманот, господине минситре е логичен, да не кажам ептен логичен. Да не го политизирам, иако ова може да се замислува и како дел од една национална стратегија, имајќи ја предвид староста на нашата нација, но нема да говорам за тој дел, иако од некои пратеници не се подржа овој амандман од причини за кои што не сакам да говорам.

Времетраењето на породилното отсуство, ако веќе се повикувате дека овој закон го работеле експерти, зоштоне погледнавте во туѓите законодавства? Германија, Унгарија, еве Данска, Шветска каде што овие работи се регулирани на еден многу полиберален начин. Разликата од 9 до 12 месеци се 3 месеци. Ако во една фамилија се роди тројка, тие три месеци апсолутно ништоне значат.

Тоа што господинот Андов го нуди како 18 месеци, нека биде онаа минимална разлика што може да ја прифатите.

А, и амандманот од две години е сосема логичен. Јас ќе бидам и полиберален, во една ваква ситуација...

Нека заврши министерот со муабетот, па ќе продолжам.

**Љупчо Јордановски:** Продолжете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Многу ни е муабетчија министерот со сопствената партија.

Значи, господине министре, јас ќе бидам уште полиберален, дај боже во Македонија да се раѓаат и двојки и тројки и четворки, имајќи го предвид нашиот наталитет. Сега сакам следното да го потенцирам, она што госпоѓата Грковска Славица го нуди и тоа е малку.

Треба да се оди, можеби за вас е за смеење, јас поинаку ги гледам работите, малку пошироко, малку ги гледам и последиците на оваа нација.

Значи, од тој аспект спомнав една национална стратегија. Ако сугестиите на вашите експерти се такви, нека оди како такво, додека мнозинството го гласа. Но, верувам дека опозицијата ќе го подржи овој амандман, затоа што има логика во оваа работа.

Која е вашата логика, односно сакам да кажам вашата нелогичност по овој амандман треба да образложите и да кажете. Станете, кажете што не е јасно и што не е добро во она што се нуди со овој амандман. Вие, анблок го отфрлате а не кажувате зошто го отфрлате амандманот.

Значи, треба да се оди не на 18, не на 20, на 36 месеци во вакви случаеви. Имајќи предвид дека последниот попис, како македонци се изјаснивме 1.296.000, една страшна работа за нашата нација. Од тој контекст станав да ги дискутирам овие работи, исто така да дадам апсолутна подршка на овој амандман. Но, гледам дека не обрнувате внимание...

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

(Министерот Стевчо Јакимовски, бара да добие збор).

Не се јавивте на време господине министре.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

(Министерот бара збор за да даде предлог).

Предлогот, господине министер, ќе го дадете со амандман. Имате време до крајот на расправата. Сега, ве молам,одиме по процедура.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 21 гласале за, 10 воздржани, 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Господо пратеници, ве молам да ве информирам.

Овде ќе завршиме со расправата по амандманите. Да дадеме простор на Владата утре да поднесат амандман или предлог.

Ние продолжуваме, со договор, нормално со координаторите, со 99-та седница на Собранието, каде што ни остана избор на Републичкиот судски совет, затоа што тој треба да функционира.

(Седницата прекина во 14,50 часот).